MINISTRY OF DEFENCE
REPUBLIC OF MACEDONIA

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

MINISTRIA E MBROJTJES
REPUBLIKA E MAQEDONISË

# БЕЛА КНИГА
## НА ОДБРАНАТА

# LIBRI I BARDHË
## I MBROJTJES

# WHITE PAPER
## ON DEFENCE

2012

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# БЕЛА КНИГА
# НА ОДБРАНАТА

СКОПЈЕ, СЕПТЕМВРИ 2012

**Издавач**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА – Република Македонија

**За издавачот**
д-р *Фатмир* БЕСИМИ

**Уредувачки одбор**
м-р *Љубе* ДУКОСКИ, полковник
*Селвет* БАРУТИ
асс. м-р *Марјан* ЃУРОВСКИ
м-р *Мухаедин* БЕЛА, полковник
м-р *Сашо* КУЗМАНОВСКИ
*Фердо* ПАВЛОВ, потполковник
*Ангелчо* ТОДОСОВ, мајор
*Габриела* ЃОРЃЕВИЌ
м-р *Игор* ЃОРЕСКИ

**Ликовно-графички уредник**
*Билјана* ИВАНОВА

**Лектура**
д-р *Жанет* РИСТОСКА
*Ксенија* МИТЕВА-КОТЕСКА,

**Превод на англиски јазик**
*Рози* ГРОЗДАНОВСКА-ВЕЛЕСКА
*Мартина* КИМОВСКА

**Превод на албански јазик**
*Мустафа* ПЕЗА
**Лектура**
*Шкелзен* ХАЛИМИ

**Печати**
„ArbëriaDesign“ – Тетово

**Адреса**
Министерство за одбрана
Ул. Орце Николов бр. 116.
1000 Скопје

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

355.45(497.7)”2005/12”

БЕЛА книга на одбраната / [превод на англиски јазик Рози Гроздановска-Велеска, Мартина Кимовска, превод на албански јазик Мустафа Пеза] = Libri i bardhë i mbrojtjes / [përkthimi në gjuhën angleze Rozi Grozdanovska-Veleska, Martina Kimovska, përkthimi në gjuhën shqipe Mustafa Peza] = White paper on defence / [English Translation Rozi Grozdanovska-Veleska, Martina Kimovska, Albanian Translation Mustafa Peza]. - Скопје : Министерство за одбрана на Република Македонија, 2012. - 266 стр. : илустр. ; 25 см

Библиографија: стр. 85-86 ; Bibliografia: стр. 175-176 ;
Reference: стр. 265-266

ISBN 978-9989-2851-3-4
1. Насп. ств. насл.
а) Македонија - Национална безбедност - 2005-2012 б) Македонија - Национална одбрана - 2005-2012
COBISS.MK-ID 92009738

СОДРЖИНА

**БЕЛА КНИГА НА ОДБРАНАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**


Предговор на министерот за одбрана на Република Македонија 7

ВОВЕД 11

I. БЕЗБЕДНОСНО ОПКРУЖУВАЊЕ 15

II. СЕОПФАТЕН ПРИСТАП КОН НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ 19
Национални интереси 21
Национална безбедносна и одбранбена политика 22
Институционални надлежности за националната безбедност и одбрана 23

III. ОДБРАНБЕН МЕНАЏМЕНТ 27

IV. АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 33
Мисии и организација 35
Трансформација 41
Развој на воени капацитети и способности 42

V. ОДБРАНБЕНИ РЕСУРСИ 45
Човечки ресурси 47
Соодветна и правична етничка застапеност 50
Образование и обука 51
Финансирање на одбраната 54

VI. ПРИДОНЕС ВО МЕЃУНАРОДНИ ОПЕРАЦИИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА 59
Придонес во меѓународни операции 61
Меѓународна одбранбена соработка 63
Регионална одбранбена соработка 65

VII. ОДБРАНАТА И ОПШТЕСТВОТО 67
Армијата и општеството 69
Информирање на јавноста 70

VIII. ВИЗИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ОДБРАНАТА 75
Преструктуирање на Армијата и на Министерството за одбрана 78
Проекти за модернизација на Армијата 78
Унапредување на процесите 80
Менаџирање со човечките ресурси 80
Образование и обука 81

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ 83
БИБЛИОГРАФИЈА 85

д-р Фатмир **БЕСИМИ**
МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



*Почитувани,*

*Новата Бела книга на одбраната ја објавуваме во година кога славиме 20 години од формирањето на Армијата на Република Македонија и на почетокот на новиот циклус на трансформација на одбраната. Целта на оваа Бела книга е сеопфатно и транспарентно да ја претстави безбедносната и одбранбената политика на Република Македонија и реафирмирање на нејзините интереси и вредности. Белата книга ги презентира постигнувањата во одбраната и информира за придонесот во глобалната и во регионалната безбедност и стабилност. Исто така, ги претставува долгорочните развојни цели на одбраната и потребите за ресурси, како и визијата за натамошен развој на одбраната.*

*Република Македонија својата иднина ја гледа интегрирана во НАТО и во ЕУ. Одбранбениот систем на Република Македонија е целосно подготвен да ги преземе одговорностите и обврските кои произлегуваат од членството во НАТО, вклучително и долгорочниот придонес во регионалната и во евроатлантската безбедност и стабилност.*

*Ние, во областа на одбраната, посветени кон целта, работиме на сите нивоа, односно на меѓународно ниво, на државно ниво и на*

*ниво на Армијата на Република Македонија. Меѓународно, во однос на членството во НАТО, дејствуваме во спроведувањето на сите реформи и големиот придонес на Република Макдонија кон глобалниот мир преку воените мисии и визибилноста на државата во сите меѓународни институции. На државно ниво, работиме на зајакнување на меѓусебната меѓуетничка и меѓурелигиска доверба. На ниво на Армијата на Република Македонија, работиме на создавање на модерна и високопрофесионална војска, на подобрување на стандардот на припадниците на Армијата, како и на доближување на војската до граѓаните.*

*Досегашните постигнувања во исполнувањето на стратегиските одбранбени мисии нè обврзуваат посветено да продолжиме во иста насока. Во претстојната декада МО и АРМ ќе се трансформираат и ќе развијат поширок спектар на одбранбени капацитети и способности во согласност со Долгорочниот план за развој на одбраната. Армијата на Република Македонија до 2015 година ќе има поефикасна организациско-формациска структура, ќе биде помобилна и со 50% распоредливи интероперативни воени способности. Континуирано ќе се одржува нивото на пополнување на АРМ од 90%, со квалитетен, добро образован и обучен воен персонал.*

*Процесот на формациското преструктуирање ќе се одвива синхронизирано и постепено, и притоа ќе се одржува и ќе се зголемува оперативната готовност на Армијата за исполнување на стратегиските одбранбени мисии, вклучително и колективната одбрана на Република Македонија, како и придонесот во колективната одбрана на Алијансата.*

*Армијата мора да биде модерна, помобилна и целосно интероперативна со силите на земјите-членки на Алијансата. Воената опрема постепено ќе се модернизира во текот на претстојната декада, а и потоа. Притоа, максимално ќе се користат регионалните и мултинационалните иницијативи за развој на заеднички распоредливи способности во согласност со Концептот на НАТО за „паметна одбрана“.*

*Армијата на Република Македонија, како една од институциите со највисок кредибилитет кај граѓаните на Република Македонија, ќе служи како пример за соживот и меѓусебно почитување и градење на доверба помеѓу граѓаните од сите етнички и религиски заедници преку преземање на одговорност со вклучување во сите раководни структури на Армијата.*

*За остварување на оваа визија за развој на одбраната неопходен е политички консензус во државата. Министерството за одбрана ќе обезбеди целосна транспарентност на одбранбената политика, вклучително и за спроведувањето на одбранбените реформи во чија функција е и донесувањето на Белата книга на одбраната. Реформите се процес кој единствено можеме да го спроведеме самите, со максимално искористување на домашните стручни капацитети, со силна јавна поддршка и интерресорска координација и соработка.*

*Верувам во мирот и стабилноста како основа за одржлив развој. Глобализацијата и интеграциите се императив кој води до подобар квалитет на животот преку поголемата конкуренција, транспарентност и функционална демократија. Во тој поглед, евроатлантските интеграции ги гледам како најдобра алтернатива за иднината на Република Македонија и на Балканот.*

*Иднината зависи исклучиво од нас – граѓаните на Република Македонија, од нашата подготвеност да се соочиме со предизвиците и да го искористиме целиот наш потенцијал за подобрување на животниот стандард и квалитетот на живеење, односно да ја направиме Македонија подобро место за живеење.*

***Македонија,***

***земја на еднаквите,***

***земја меѓу еднаквите во НАТО и во ЕУ.***

# ВОВЕД



# ВОВЕД

**1.** Белата книга на одбраната е сеопфатен, транспарентен документ кој го претставува системот за национална безбедност и одбрана на Република Македонија, ја објаснува нејзината одбранбена политика, ја демонстрира важноста од меѓуинституционалната соработка и координација за постигнување на подобра безбедност, ги посочува капацитетите и способностите на Армијата на Република Македонија (АРМ), потврдува дека институциите на одбраната ги поседуваат соодветните капацитети и способности, ја потенцира посветеноста на Републиката да ги преземе сите обврски и одговорности кои произлегуваат од членството во НАТО и во ЕУ и обезбедува преглед на стратегиската ориентација на земјата.




**2.** Како прва Бела книга на одбраната публикувана по 2005 година, таа го опишува напредокот постигнат во одбраната во изминатите седум години со цел да се постигне повисока безбедност за граѓаните на Република Македонија. Белата книга ги посочува клучните процеси и активности кои се потребни за детерминирање на идните стратегиски насоки, како што е утврдено со стратегиските документи. Белата книга, исто така, содржи повеќе детали за битните програми, проекти и активности наведени во 10-годишниот Долгорочен план за развој на одбраната (ДПРО): 2011-2020. Дополнително, Белата книга ги истакнува тековните и идните напори за трансформација на одбраната, дава опис на поефикасни и поефективни процеси за менаџирање со ресурсите и ја прикажува АРМ како „Армија на сите граѓани“, Армија на соодветно и правично застепени членови од целото општество на Републиката.

**3.** Со Белата книга на одбраната 2012 се реафирмираат националните вредности и интереси за целосно остварување на приоритетните цели, особено оние поврзани со што поскоро пристапување кон полноправно членство во НАТО и во ЕУ, вклучително и придонесот во евроатлантската и регионалната безбедност и стабилност. Алијансата ја препознава посветеноста на Македонија кон вредностите на НАТО, како и нашиот придонес во евроатлантската и регионалната безбедност и стабилност. Дополнително, Белата книга ќе придонесе за подобрување на разбирањето, како на државното раководство и на политичките структури, така и на јавноста за потребите од натамошни реформи и долгорочно инвестирање во одбраната. Неоспорен е заклучокот дека инвестициите за развој на воените способности на Армијата во претстојната декада треба да започнат уште денес.

**4.** Белата книга се публикува во година кога славиме 20 години од формирањето на Армијата на Република Македонија, на почетокот на новиот циклус на трансформација на одбраната, како и по одобрување на новиот Стратегиски концепт на Алијансата од 2010 година. Таа се придржува на принципот на целосна отвореност и транспарентност со цел подобро разбирање на актуелните состојби, проекциите, активностите и очекувањата кои произлегуваат од остварувањето на одбранбената политика.

**5.** Белата книга на одбраната овозможува транспарентно, генерално согледување на одбранбената политика за домашната, за странската, за стручната и за академската јавност со цел да придонесе за:

– информирање на граѓаните на Република Македонија за реализацијата на буџетските средства во одбраната, потребите од долгорочно инвестирање во одбраната и нејзините приоритети во претстојната декада, а и потоа;
– реафирмирање на подготвеноста и посветеноста на Република Македонија за преземање на одговорностите и обврските кои ќе произлезат од идното членство во НАТО и во ЕУ.

**6.** Белата книга на одбраната, сеопфатно, претставува резиме на сите сегменти кои ја сочинуваат националната безбедносна и одбранбена политика на Република Македонија: стратегиски контекст - сеопфатен пристап кон безбедноста и одбраната – способности за спроведување на одбранбената политика, ресурси и идни предизвици. Белата книга на одбраната, исто така, претставува резиме на законската (легалната) основа од која произлегува националната безбедносна и одбранбена политика (Уставот на Република Македонија, Законот за одбрана, Законот за служба во Армијата), како и на клучните стратегиски документи:

– Националната концепција за безбедност и одбрана од 2003 година;
– Стратегијата за национална безбедност од 2008 година;
– Стратегијата за одбрана од 2010 година;
– Долгорочниот план за развој на одбраната: 2011-2020 година.

# I

# БЕЗБЕДНОСНО ОПКРУЖУВАЊЕ


РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

# БЕЗБЕДНОСНО ОПКРУЖУВАЊЕ

**1.** Денешниот современ свет се карактеризира со брзи, комплексни и динамични промени и се соочува со нови асиметрични закани и ризици кои се во пораст. Тероризмот, транснационалниот организиран криминал, војна од четврта генерација, пролиферација на оружје за масовно уништување, верски радикализам и екстремизам, илегална миграција, нестабилни и нефункционални држави и компјутерски напади се само дел од нив. Во современите глобални предизвици може да се вброи и светската финансиска меѓузависност што се одрази и преку кризата од 2008 година. Бавното економско заздравување и високиот финансиски дефицит кај некои од земјите-членки на ЕУ и натаму претставуваат не само економски туку и безбедносен предизвик кој на еден или на друг начин ја прелева финаниската нестабилност и во опкружувањето. Затоа, потребата за безбедност денес е универзална – ниедна земја не може да биде комплетно изолирана од новите безбедносни предизвици.

**2.** Стратегискиот концепт на НАТО од 2010 година, безбедносното опкружување го опишува како широк и еволуирачки сет на можности и предизвици врз безбедноста на територијата и населението на Алијансата. Според процената на НАТО, глобализацијата, новопојавените безбедносни предизвици, изворите за нестабилност и потенцијалните конфликти, заедно со постојните закани и предизвици, ќе продолжат да придонесуваат за непредвидливоста на безбедносното опкружување на Евроатлантската област, вклучително и Регионот на Југоисточна Европа. Република Македонија ја споделува процената за безбедносното опкружување на НАТО и континуирано дава значаен придонес кон евроатлантската безбедност и стабилност.

**3.** Република Македонија се наоѓа во централниот дел на ЈИЕ и претставува географска крстосница меѓу Европа, Азија и Африка, што е од големо значење за нејзиниот развој. Од безбедносен аспект, да се биде на една од крстосниците на главните патишта значи и поголема можност од појава и присуство на тероризам, илегална миграција, трговија со дрога, лица и оружје, како редовни транснационални опасности, што упатува на активна соработка со соседните земји и со меѓународната заедница.

**4.** Стратегиското безбедносно опкружување на Република Македонија значително се промени и се подобри во последните неколку години. Демократските промени во земјите од ЈИЕ и поддршката на НАТО и на ЕУ имаат зголемено влијание во евроатлантските интегративни процеси. Овие позитивни промени ја креираат современата политичка и безбедносна сцена на Западен Балкан каде мирот, соработката, економскиот и демократскиот развој помеѓу државите видливо се подобруваат и придонесуваат за напредок на целиот Регион, а воедно и за напредок на Република Македонија. Регионот, каде што припаѓа и нашата држава, сè уште е оптоварен со нерешени прашања и се соочува со комплексни безбедносни ризици.

**5.** Република Македонија е свесна за влијанието на глобалните стратегиски промени и за нерационалноста и недоволната ефикасност на изолиран систем за безбедност. Системот за одбрана на малите и економски недоволно моќни земји, станува уште почувствителен на глобалните промени. Затоа Република Македонија уште повеќе е посветена кон изградба на систем на заемни вредности и учество во кооперативните форми и активности на колективните системи за безбедност со крајна цел - зачленување во НАТО и во ЕУ.

**6.** Република Македонија не се соочува со директна конвенционална закана врз својата национална безбедност, но ваквите закани не треба да бидат исклучени, односно да се игнорираат Во таа смисла, Република Македонија ќе остане внимателна и подготвена да се соочи со заканите врз нејзината национална безбедност и континуирано ќе ги следи глобалните трендови и можности за развој и унапредување на потребните одбранбено-безбедносни способности и капацитети.

**7.** Членството во НАТО и во ЕУ претставува силен мотивирачки фактор и за сеопфатните национални безбедносни реформи во Република Македонија. Република Македонија е целосно подготвена за преземање на обврските и одговорностите како членка на НАТО, како и за започнување на пристапните преговори за членство во ЕУ. Гледано од перспектива на Република Македонија, НАТО е клучниот столб на современата евроатлантска безбедносна архитектура, додека на ЕУ се гледа како на главна движечка сила за демократски, економски и општествен развој на целиот европски континент. Кога сите земји од овој регион ќе бидат интегрирани во евроатлантското семејство ќе може да се говори за обединета Европа, за слободна и демократска заедница на рамноправни држави-членки.



# II
# СЕОПФАТЕН ПРИСТАП КОН НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ



# СЕОПФАТЕН ПРИСТАП КОН НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ

## *Национални интереси*

**1.** Безбедносните национални интереси произлегуваат од темелните вредности утврдени со Уставот на Република Македонија. Траен национален интерес претставува зачувувањето на независноста, сувереноста, територијалниот интегритет и унитарниот карактер на државата, како и нејзиниот мултиетнички и мултикултурен карактер.

**2.** Витални национални интереси се:
- заштита и унапредување на мирот, безбедноста, здравјето и личната безбедност на граѓаните;
- унапредување на мултиетничката демократија и меѓуетничките односи;
- заштита и унапредување на демократските вредности на државата: човековите слободи и права, владеење на правото, политичкиот плурализам, отворен политички дијалог помеѓу политичките партии, начелото на поделба на власта, заштита на културниот идентитет и на наследство на сите граѓани;
- стимулирање одржлив економски и социјален развој на државата врз принципите на пазарната економија, сопственоста и претприемништвото;
- политичко-воена интеграција во НАТО;
- политичка, економска и безбедносна интеграција во Европската унија.

**3.** Неопходни предуслови за остварување на виталните интереси се:
- придонес за мирот и стабилноста во светот, во Европа и во Регионот на Југоисточна Европа;
- развивање и одржување на сите можни форми на соработка со соседите, во согласност со виталните интереси;
- градење на праведна социјална држава во насока на создавање на еднакви можности за сите граѓани, без оглед на половата, расната, верската, политичката или етничката припадност;
- зајакнување на внатрешната безбедност на државата како предуслов за одржлив политички, економски и социјален развој;
- развој на современо демократско општество;
- заштита и унапредување на животната средина.

**4.** Република Македонија своите интереси ќе ги остварува со доследно почитување на човековите права и слободи, демократските принципи и почитување на меѓународното право, што овозможува решавање на споровите по мирен пат, унапредување на мирот и стабилноста и јакнење на угледот на Република Македонија во демократскиот свет. Во рамките на меѓународните иницијативи и мисии, Република Македонија дава долгорочен придонес во справувањето со кризи во евроатлантската област.

## Национална безбедносна и одбранбена политика

**5.** Системот на националната безбедност на Република Македонија функционира како безбедносна политика која се имплементира преку спроведување на надворешната, на внатрешната, на одбранбената, на економско-социјалната и на политиката за заштита и развој на животната средина. Субјектите на системот за национална безбедност се во постојана надградба и зајкнување на институционалните капацитети со цел да се одговори на заканите по националната безбедност.

**6.** Заштита и промоција на трајниот интерес и на виталните интереси на Република Македонија се основна цел на националната безбедност и одбрана. За остварување на националната безбедност, одбраната се организира како интегрален дел во системот на севкупни национални безбедносни можности и капацитети. Интеграцијата во НАТО и во ЕУ, како и активното учество во другите облици на меѓународна соработка, Република Македонија ги смета за можност за остварување на националните интереси. Република Македонија уште во 1993 година ги декларираше своите определби за пристапување во НАТО, а во 2004 година и за членство во ЕУ.

**7.** Република Македонија има добро развиена стратегиска рамка за безбедноста и одбраната, како и добро воспоставен систем на долгорочно планирање, програмирање, буџетирање и извршување. Утврдената политичка и нормативна рамка на стратегиски одбранбени документи покажува како треба да изгледа и во која насока ќе се движи националната безбедносна и одбранбена политика, како ќе се развива системот за одбрана, на кои предизвици треба да се одговори и со кои ризици и закани ќе се справува системот за одбрана во наредниот период преку остварување на стратегиските мисии.

**8.** За поддршка на националната безбедност, системот за одбрана на Република Македонија е оспособен за поддршка и исполнување на следните стратегиски мисии:

- одбрана и заштита на територијалниот интегритет и независноста на Република Македонија;
- учество во колективната одбрана на НАТО;
- придонес во операции во широкиот спектар на мисии на ООН, на НАТО, и на ЕУ;
- заштита на пошироките интереси на Република Македонија.

**9.** Националните безбедносни цели на Република Македонија артикулираат ефективна организација на националниот безбедносен систем и преставуваат основа за практична меѓуинституционална координација и заеднички акции. Развојот и одржувањето на националниот одбранбен систем како инструмент на националната безбедносна политика претставува континуирана обврска на сите државни институции. За таа цел, државните институции континуирано ги зајакнуваат капацитетите и способностите за:

- развој и имплементација на ефикасни средства и методи за собирање на информации и податоци од витално значење за безбедноста, квалитетна експертска анализа за безбедносното опкружување и ефикасна меѓуинституционална соработка;

– интероперабилност и компатибилност на националните одбранбени капацитети во согласност со НАТО и со ЕУ-стандардите;
– водење на сеопфатна надворешна политика за реализација на националните интереси и цели во согласност со меѓународно-правните стандарди, градење и зајакнување на мултилатералните и билатералните односи со меѓународните субјекти;
– справување со транснационалниот организиран криминал во сите негови форми, со тероризмот и со корупцијата;
– учество во меѓународните операции за зачувување на светскиот мир и безбедност предводени од ООН, од НАТО и од ЕУ;
– водење на активна добрососедска политика и учество во унапредувањето на регионалната соработка.

## *Институционални надлежности за националната безбедност и одбрана*

**10.** Собранието, Претседателот на Републиката, Советот за безбедност, Владата, Министерството за одбрана, Армијата и другите министерства и органи на државната управа, како и граѓаните, имаат одговорности во спроведувањето и управувањето со националниот безбедносен и одбранбен систем. Надлежностите во безбедноста и одбраната се спроведуваат во согласност со Уставот и законите на Република Македонија. Законот за одбрана ги пропишува надлежностите во делот на безбедноста и одбраната.




**Шема на системот за безбедност и одбрана на Република Македонија**

**11.** Собранието на Република Македонија:

– врши надзор врз остварувањето на надлежностите на Владата во одбраната и ја следи подготвеноста за одбрана на Републиката;
– утврдува постоење на непосредна воена опасност од напад врз Републиката;
– прогласува настанување и престанување на воена состојба и донесува буџет на Републиката за воена состојба;
– одлучува за висината на средствата за потребите на одбраната;
– донесува одлука за стапување во членство и за истапување на Републиката од членство од колективните системи за безбедност и одбрана;
– ратификува меѓународни договори од доменот на безбедноста и одбраната;
– донесува национална концепција за безбедност и одбрана на Републиката;
– донесува заклучоци и резолуции во врска со остварувањето на системот на одбраната, плановите за развој на одбраната, опременоста и борбената готовност на Армијата;

Собранието е надлежно за донесување одлуки за учество на АРМ во меѓународни операции надвор од територијата на Републиката. По зачленувањето во НАТО, одлука за испраќање на единици на АРМ надвор од територијата на Република Македонија за учество во меѓународни операции предводени од НАТО, како и во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана во согласност со ратификуваните меѓународни договори, ќе донесува Владата на Република Македонија.

**12.** Претседателот на Република Македонија е врховен командант на Армијата на Република Македонија и претседател на Советот за безбедност на државата. Претседателот:

– донесува стратегија и План за одбрана на Републиката;
– ги пропишува мерките на приправност и наредува нивно спроведување;



– пропишува организација, формација и командувањето на Армијата;
– донесува документи за употреба на Армијата и наредува нејзина употреба;
– дава согласност на документите за развој на Армијата;
– ги определува мерките за зголемување на борбената готовност на Армијата и наредува нивно спроведување;
– наредува мобилизација на Армијата;
– донесува прописи што се однесуваат на борбената готовност, вооружената борба и мобилизацијата на Армијата;
– поставува старешини на формациски места генерали и унапредува и разрешува генерали;
– поставува и отповикува воени претставници на Републиката во странство.

**13.** Советот за безбедност го сочинуваат: претседателот на Републиката, претседателот на Собранието, претседателот на Владата, министрите кои раководат со органите на државната управа во областите на безбедноста, одбраната и надворешните работи и тројца членови кои ги именува претседателот на Републиката. При именувањето на тројца членови, претседателот води сметка составот на Советот соодветно да го одразува составот на населението во земјата. Советот ги разгледува прашањата поврзани со безбедноста и одбраната на Републиката и им дава предлози на Собранието и на Владата.

**14.** Владата предлага закони, донесува уредби и одлуки, и обезбедува ресурси за нивно спроведување. Помеѓу другото:
– донесува одлуки за испраќање на единиците на АРМ надвор од територијата на Републиката за учество во вежбовни активности, обука и хуманитарни операции;
– одлучува за примање и давање военотехничка помош со други држави;
– наредува употреба на полицијата во воена состојба како поддршка на Армијата;
– врши планирање на одбраната и донесува долгорочен план за развој на одбраната;
– пропишува методологија за спроведување на подготовките за одбрана.

**15.** Употребата на АРМ во системот за кризен менаџмент е пропишана со Законот за управување со кризи. Дел од Армијата учествува во поддршка на полицијата во услови кога со кризната состојба е загрозена безбедноста на Републиката, а органите на државната управа немаат соодветни ресурси и средства за нејзина превенција и справување. За учество на дел од Армијата во справување со кризна состојба одлучува претседателот, по пред-

лог на Владата. Начинот на учество на дел од Армијата во кризна состојба го пропишува претседателот, додека оперативните и другите постапки на Армијата во поддршка на полицијата се пропишани со Упатство донесено од министерот за одбрана и министерот за внатрешни работи.




**Шема на координацијата на системот за кризен менаџмент**

# III
# ОДБРАНБЕН МЕНАЏМЕНТ



# ОДБРАНБЕН МЕНАЏМЕНТ

**1.** Одбранбениот систем на Република Македонија доживеа радикална трансформација во последните седум години и значајно ги зголеми своите капацитети и способности. Армијата разви поголеми оперативни способности и ги исполни очекувањата и на државното раководство и на граѓаните на Република Македонија. Со реформите на системот за одбрана по 2004 година се воспостави поефикасен систем на менаџирање, развој на значајно поголеми воени способности на АРМ, интерресорска координација и ефикасно донесување на одлуките. Во Министерството за одбрана е воведен современ менаџмент базиран на функциите на демократската и цивилна контрола над АРМ, системот на долгорочно планирање, стратегиските мисии и оперативните способности.

**2.** За исполнување на стратегиските одбранбени мисии одбранбената политика континуирано е насочена кон:

- развивање на способности за одбрана на земјата;
- развој на капацитетите на МО за ефикасно управување со одбранбените ресурси и процеси;
- доизградба, развој и одржување на воените способности на АРМ;
- интеграција во политичката и во воената структура на НАТО;
- вклучување и придонес во Европската безбедносна и одбранбена политика;
- континуиран придонес во меѓународните операции за поддршка на мирот и безбедноста.

**3.** Министерството за одбрана е одговорно за развој и одржување на националниот одбранбен систем, за стратегиското планирање, за распоредување на финансиските средства за одбраната, за човечките и материјалните ресурси, за обуката, за планирањето и за остварувањето на меѓународна соработка.






**Организациска структура на Министерството за одбрана**

**4.** Министерството ќе ги развива и ќе ги зајакнува своите цивилно-воени планирачки капацитети за:

- одбранбена политика и планирање;
- стратегиски комуникации;
- развој на капацитети и способности;
- менаџирање со човечките ресурси;
- евалуација и одговорност за постигнатите резултати;
- поддршка на меѓународните операции;
- учество во одбранбеното планирање на НАТО;
- меѓународна одбранбена соработка и одбранбена дипломатија.

**5.** Системот за планирање, програмирање, буџетирање и извршување (СППБИ) повеќе години функционира во АРМ и МО и го поддржува одбранбеното планирање. Во правец на поедноставување на извршувањето на стратегиското планирање формирани се Програмска работна група и Одбор на раководители на програми. Тие претставуваат основни тела за координација на сите прашања кои се однесуваат на планирањето, програмскиот развој, имплементацијата на

програмите и предизвиците во спроведувањето на буџетот. Главни одбранбени програми се:

1. Администрација.
2. Персонал и образование.
3. Функционирање на Армијата.
4. Обука во Армијата.
5. Логистика во Армијата.
6. Опремување и модернизација.
7. Објекти и инфраструктура;
8. Мировни и хуманитарни операции.

Во прилог на унапредувањето на ефикасноста и ефективноста на Министерството за одбрана е спроведена и индивидуална компјутерска обука за ППБИ. Таа обезбеди ефективна обука на персоналот за главните процеси кои ја поврзуваат стратегиската визија со структурата на програмите и организациските буџети и го олесни донесувањето на одлуките.

**6.** Долгорочниот план за развој на одбраната 2011-2020 година е основниот план на Владата на Република Македонија, кој содржи визија за развој на одбраната, приоритети за остварување на одбранбената политика, одбранбен буџет потребен за реализација на поставените приоритети и долгорочните развојни цели во насока на развој и унапредување на способностите на Армијата и капацитетите на Министерството за одбрана. Тој претставува апликација на современиот менаџмент кој се заснова на принципите на добро владеење и планирање, на оперативните способности на АРМ и на стратегиските мисии.

Долгорочните развојни цели се:

- унапредување на систематизацијата на МО и на формацијата на АРМ во функција на поддршка на мисиите и задачите од Стратегијата за одбрана и трансформација на АРМ и МО во ефективни, ефикасни и добро функционирачки организации, подготвени да се справат со предизвиците на 21 век;
- развој, достигнување и воспоставување на поголеми национални стратегиски и оперативни капацитети и способности за достигнување на соодветно ниво на интероперативност, ефикасност, ефективност и флексибилност со НАТО, регионалните и вооружените сили на земјите-партнери;
- модернизација на одбранбените способности за команда, контрола, комуникации, компјутери и разузнавање;
- трансформација на системот за менаџмент со човечките ресурси за да се регрутира, задржи и поддржи висококвалитетен и посветен воен и цивилен персонал;
- унапредување на системот за логистика;
- интеграција во политичките и воените структури на НАТО;
- придонес кон Заедничката безбедносна и одбранбена политика на ЕУ;
- прилагодување и подобрување на обуката за да се исполнат мисиите, целите и задачите на АРМ;
- подобрување на одбранбената инфраструктура.

**7.** Министерството за одбрана продолжува да го унапредува системот за логистичка поддршка за да одговори на зголемените потреби на Армијата. Во претстојниот период првенствено ќе се работи на подобрување на системот за аквизиција, на формирање на национален елемент за поддршка и поедноставување на процесот на остварувањето на оперативните потреби на АРМ во земјата и во странство. Автоматизираното функционирање на логистичкиот информациски систем кој е непосредно поддржан од Центарот за материјален менаџмент и од Програмата за материјални резерви ќе овозможи логистичката поддршка доследно да ги следи оперативните побарувања.

**8.** Воениот музеј ќе продолжи со организациска и инфраструктурна трансформација во насока да се промовираат улогата и придонесот на Министерството за одбрана и на Армијата на Република Македонија во изградбата и чувањето на мирот низ историјата како универзална вредност за подобра иднина. Во тие рамки ќе се засилат капацитетите за истражување, собирање, средување, стручно и научно обработување и проучување, заштита, чување и презентирање на музејските предмети и содржини. Врз база на тоа, континуирано ќе се унапредува едукативната улога со привлекување на пошироката публика. Исто така, ќе се развива интерактивна комуникација со посетителите за популаризација на воеисториското наследство на Републиката, особено значењето и придобивките на мирот и улогата на Армијата.



# IV
# АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



# АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## *Мисии и организација*

**1.** Примарна мисија на Армијата е одбрана и заштита на територијалниот интегритет и независноста на Републиката и заштита на населението од надворешни закани во сите услови – во мир, во кризна состојба и во војна. Исто така, Армијата е подготвена за исполнување на меѓународните обврски – придонес во колективната одбрана на НАТО, учество во меѓународните операции и заштита на пошироките национални интереси.

**2.** Актуелни и планирани приоритети, мисии и задачи на АРМ се следните:

- набљудување и противвоздушна заштита на националниот воздушен простор и поврзување со интегрираниот систем на НАТО за противвоздушна одбрана;
- учество во меѓународните аранжмани (мултилатерални, регионални и билатерални) за патролирање на националниот воздушен простор;
- поддршка на полицијата и на другите државни институции при заштитата на критичната национална инфраструктура и поддршка во справувањето со последиците во случај на терористички напад;
- поддршка на државните институции во случај на природни катастрофи и епидемии, техничко-технолошки и други опасности и кризни состојби;
- брзо распоредување на кредибилни сили во мултинационални здружени операции предводени од НАТО далеку од националната територија или во операции за колективна самоодбрана на НАТО;
- ефективна команда и контрола во согласност со барањата на Концептот на НАТО за мрежно поврзани и заштитени комуникациски и информатички способности;
- ефиктивно воено разузнавање и извидување за поддршка на експедициските операции на АРМ;
- логистичка одржливост на распоредените национални контингенти, вклучително и способности за вклучување во мултинационална логистика;
- медицинска поддршка на распоредените контингенти со Улога 2;
- опстанок и заштита на силите во услови на блиска борба и закани од хемиско, биолошко, радиоактивно и нуклеарно оружје;
- одбрана на силите од импровизирани експлозивни направи;
- извршување на операции во комплексни географски и климатски услови, вклучувајќи и екстремно топли и суви услови;
- операции во урбана средина;
- обука на сите единици, особено на распоредливите способности, според заедничката доктрина на НАТО и процедурите поврзани со команда и контрола и здружените и комбинираните копнени операции;
- развој на способности за цивилно-воена соработка (CIMIC способности);

– придонес во широкиот спектар на операции за поддршка на мирот предводени од ООН, од НАТО, од ЕУ или од пријателски коалиции;
– придонес во воените структури на НАТО;
– мултилатерална и билатерална одбранбена соработка.

**3.** Улогата на Армијата во поддршка на полицијата и другите државни институции е регулирана со Законот за одбрана и со Законот за управување со кризи, а се воспоставија и практични стандардни оперативни процедури.

Армијата континуирано дава поддршка во справувањето со елементарните и хуманитарни непогоди и катастрофи. Секоја година АРМ ангажира околу 1.000 свои припадници, стотина моторни возила и неколку хеликоптери за гаснење на пожарите во државата. Исто така, АРМ беше ангажирана и во отстранувањето на последиците од невремето во општините Радовиш, Струмица, Тетово, Прилеп и други општини. Секоја зима хеликоптерите на Армијата учествуваат во доставувањето на храна и други неопходни продукти за потребите на месното население во завеаните и непристапни терени и воедно од тие предели спасува и извлекува болни лица на кои им е потребна лекарска помош.

**4.** Армијата на Република Македонија во меѓународните операции демонстрираше висока оперативна способност и посветеност. Околу 3.000 мажи и жени воен персонал учествуваа во меѓународните операции, а 11 од нив ги положија и своите животи. Воениот персонал на Армијата покажа високо ниво на обученост и на квалитет, но континуираната одржливост на нашите контингенти во меѓународните операции претставува голем предизвик.

**5.** Армијата е дизајнирана како единствен сет на ефективно структуирани, повеќенаменски, интероперативни и распоредливи сили за исполнување на националните и меѓународните обврски. Армијата се состои од видови, родови и служби, кои се организирани во единици, команди, штабови и установи. Според своите способности и намена, тие се групирани во борбени сили, сили за борбена поддршка и сили за борбено-сервисна поддршка.

**6.** Армијата на Република Македонија има одобрена бројна состојба од 8.133 активен воен персонал, а пополнувањето континуирано ќе се одржува на ниво од минимум 90%. До крајот на 2020 година треба да се постигне однос офицери-подофицери-професионални војници по формулата 1:2:4.

| ОДОБРЕНА БРОЈНА СОСТОЈБА НА АРМИЈАТА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ОФИЦЕРИ | ПОДОФИЦЕРИ | ВОЈНИЦИ | ЦИВИЛНИ ЛИЦА | ВКУПНО |
| 1093 | 2150 | 4360 | 530 | 8133 |

**7.** Под директна команда на Генералштабот на АРМ се Здружената оперативна команда, Командата за обука и доктрини, Полкот за специјални операции, Баталјонот за почести и Центарот за електронско извидување.

## Организациско-формациска структура на Армијата на Република Македонија



**8.** Генералштабот на Армијата на Република Македонија ги извршува оперативните и стручни работи во планирањето, организирањето, подготвувањето и командувањето со Армијата во целина или нејзини делови, при остварување на задачите кои произлегуваат од стратегиските одбранбени мисии.

**9.** Здружената оперативна команда (ЗОК):
- врши подготовки на копнените и на воздухопловните сили на АРМ за одбрана и заштита на територијалниот интегритет и суверенитет на Републиката;
- учествува во операции за поддршка на мирот предводени од ООН, од НАТО и од ЕУ;
- извршува задачи за поддршка на граѓаните и институциите за заштита и спасување.

ЗОК командува со следните единици:
- 1. механизирана пешадиска бригада;
- Воздухопловна бригада;
- Логистичка бригада;
- Баталјон на воена полиција;
- Баталјон за врски и
- Активна резерва.

**10.** Првата механизирана пешадиска бригада претставува главна борбена сила на АРМ која обезбедува готови сили за извршување на мисијата на Армијата. Надвор од територијата на Република Македонија учествува во мировни операции и ги исполнува меѓународните обврски.

**11.** Воздухопловната бригада обезбедува воздушна поддршка и транспорт на единиците на АРМ, врши набљудување на националниот воздушен простор и обезбедува противвоздушна одбрана на елементите на борбениот распоред на единиците и позначајните објекти на мали височини. Исто така, таа учествува во операции за поддршка на мирот надвор од државата. При елементарни непогоди и катастрофи, единиците на бригадата вршат цивилно пребарување и спасување, гаснење на пожари и медицинска евакуација.



**12.** Бригадата за логистичка поддршка врши планирање, организирање, координирање и извршување на транспорт, снабдување и одржување, како и медицинска поддршка на командите и единиците на АРМ.

**13.** Командата за обука и доктрини (КОД) е одговорна за индивидуална борбена обука на активниот и на резервниот воен персонал. Исто така, КОД дава поддршка за колективната обука и е одговорна за подготовка на доктрини за борбената обука, како и за организирање на курсеви за учење на странски јазици и стручна обука. КОД во својот состав ги вклучува центрите за:

– индивидуална обука;
– поддршка на обуката;
– изработка на доктрини, правила, упатства и научени лекции;
– обука на питомци;
– странски јазици;
– одгледување и дресура на кучиња.

**14.** Под команда на КОД е и армискиот полигон „Криволак“, кој е наменет за изведување на разни видови тактички вежби, бојни гаѓања со разни калибри и гаѓање на цели во воздушен простор. Големината на просторот и изградената инфраструктура овозможуваат едновремено да се изведува обука до ниво на бригада. Полигонот се користи за изведување на предупатна обука на единиците одредени за учество во меѓународни мисии. Полигонот „Криволак“ располага со полигони за обука за: изведување операции во урбани средини; изведување операции во



планински услови; изведување на операции во автентични услови – „Африканско село“; стрелиште за гаѓање со снајпер и фрлање на рачни бомби. Модернизацијата на полигонот е во тек, така што ќе се изгради и Центар за обука за несмртоносно оружје. Модернизацијата на полигонот „Криволак“ се спроведува со поддршка на Кралството Данска, на САД и на други земји.

**15.** Полкот за специјални операции (пСО) изведува специјални операции, конвенционални и неконвенционални операции, самостојно или во содејство со други единици на АРМ, за време на мир, за време на кризна состојба и за време на војна, во поддршка на мирот и превенција на конфликти. Полкот за специјални операции во својот состав вклучува:

- Командна чета;
- Баталјон за специјални намени;
- Ренџерски баталјон;
- Чета за логистичка поддршка.

**16.** Центарот за електронско извидување е наменет за собирање на разузнавачки податоци по пат на електронско извидување на електромагнетниот спектар со цел рано предупредување и заштита на вооружените сили, како и собирање на податоци значајни за националната безбедност и одбрана.

**17.** Командите и единиците на АРМ се распоредени во касарните и придружните капацитети во гарнизоните: Скопје, Петровец, Тетово, Штип, Куманово, Кичево, Велес, Прилеп и Криволак.

**18.** Стратегиската определба на Република Македонија за долгорочен придонес во регионалната и во евроатлантската безбедност и стабилност, како и целосната подготвеност за преземање на обврските и одговорностите кои произлегуваат од членството во НАТО, нѐ обврзува да развиеме и да одржуваме распоредливи интероперативни способности на ниво од 50% од севкупната структура на копнените сили на АРМ. На барање на НАТО, ќе распоредиме максимална воена сила на ниво на една средна пешадиска баталјонска група и национален елемент за поддршка. Средната пешадиска баталјонска група се генерира од силите на механизираната пешадиска бригада и истата ќе се одржува целосно пополнета, обучена и опремена со расположивата воена опрема.

**19.** Република Македонија за придонес во операциите предводени од НАТО ги подготви и ќе ги одржува следните единици и способности на Армијата:

- еден среден пешадиски баталјон, кој од почетокот на 2015 година ќе се зголеми во средна пешадиска баталјонска група;
- два транспортни хеликоптери;
- една чета на воена полиција;
- една чета за длабинско набљудување;
- една подвижна болница од ниво 2 од почеток на 2014 година;
- еден инженериски вод;
- еден инженериски тим за деминирање;
- два тима за специјални операции.

## *Трансформација*

**20.** Во периодот 2005-2012 година беше спроведена радикална трансформација на Армијата на Република Македонија (АРМ), врз основа на темелните планови и заклучоци од Стратегискиот одбранбен преглед од 2004 година. Армијата по 2005 година се трансформираше во целосно професионална војска, со помал број воен персонал и структура, но со значајно поголеми интероперативни распоредливи сили за учество во меѓународни операции предводени од ООН, од НАТО и од ЕУ. Поконкретно, денес околу 30% од копнените сили на Армијата се распоредливи во меѓународни операции, што овозможи добра подготовка, навремени ротации на контингентите и ефективен придонес во пет меѓународни операции.




**ЗОК –** **Здружена оперативна команда**
**КЛП –** **Команда за логистичка поддршка**
**КзО –** **Команда за обука**
**пСО –** **полк за специјални операции**
**КОД –** **Команда за обука и доктрини**

**21.** Новиот циклус на трансформација на Армијата, кој започна на почетокот од 2012 година, темелно е планиран во текот на 2010-2011 година, во тесна соработка со НАТО и стратегискиот партнер САД. Претседателот на државата во 2010 година ја донесе Стратегијата за одбрана на Република Македонија, која дава стратегиски насоки за трансформација на Армијата во ефективна, ефикасна и вооружена сила подготвена за предизвиците на 21 век. Потоа, Владата во 2011 година го одобри Долгорочниот план за развој на одбраната 2011-2020 година, со кој се обезбеди единство на институционалните напори за систематски развој на одбраната и усогласување на лимитираните ресурси со клучните развојни приоритети. Во 2011 година, претседателот на државата, како врховен командант на вооружените сили, донесе Одлука за преструктуирање на командите и единиците на Армијата.

**22.** Суштински придобивки од новата структура на Армијата се:
- поедноставна структура на силите;
- соодветно групирање на силите за борба и за борбена и сервисна поддршка во рамките на една команда;
- подобрена интеграција на воздухопловните капацитети за противвоздушна одбрана и воздушно набљудување во рамките на една единица – воздухопловна бригада;
- постигнување на подобра пополнетост на единиците со персонал и опрема;
- воведување на нова категорија на активна резерва.

## *Развој на воени капацитети и способности*

**23.** За исполнување на стратегиските одбранбени мисии неопходна е доизградба на постојните и развој на нови оперативни воени способности на АРМ за учество во широк спектар на воени операции, од хуманитарни операции (помош во несреќи), операции за градење на мирот, до операции за колективна одбрана на Алијансата. АРМ мора да биде модерна, мобилна и целосно интероперативна со силите на земјите-членки на НАТО. Затоа се потребни нови големи трансформациски напори за изградба на интероперативни распоредливи воени сили, со флексибилна структура, соодветно пополнети со квалитетен воен персонал, добро опремени и добро обучени.

**24.** Во претстојното десетлетие напорите и ресурсите ќе се насочат кон доизградба на постојните воени способности и развој на нови воени способности кои ѝ недостигаат на Армијата за исполнување на нејзините задачи кои произлегуваат од стратегиските одбранбени мисии. Во развојот на новите воени капацитети и способности на АРМ, приоритет ќе имаат следните области:
- набљудување и противвоздушна заштита на националниот воздушен простор и поврзување со интегрираниот систем на НАТО за противвоздушна одбрана;
- учество во меѓународните аранжмани за патролирање на воздушниот простор на Република Македонија;
- развој и одржување на 50% распоредливи способности од копнените сили на Армијата за придонес во мултинационални здружени операции предводени од НАТО и во операции за колективна одбрана на Алијансата;
- доизградба и унапредување на капацитетите за образование и обука.

**25.** До 2015 година се планира да се воспостави соодветен систем за воздушно набљудување и јавување и истиот да се поврзе со соодветни капацитети на НАТО преку Програмата за размена на податоци за состојбата во воздушниот простор. Со тоа ќе се обезбеди слика за состојбата во националниот воздушен простор и ќе се обезбеди поддршка на воздухопловните операции над нашата територија. Со воспоставувањето на Оперативниот центар за воздушно набљудување и на Воздухопловниот оперативен центар ќе се исполнат клучните предуслови за воспоставување на интегриран систем за команда и контрола и употреба на капацитетите за контрола и заштита на националниот воздушен простор.

**26.** Со Меморандумот за разбирање помеѓу Република Македонија и Командата за операции на НАТО од 2011 година се регулира поврзувањето на националните капацитети за воздушно набљудување и јавување со Интегрираниот систем за противвоздушна одбрана на НАТО. Претстои набавка на современи тродимензионални радарски системи во рамките на Балканската иницијатива за регионален пристап за противвоздушна одбрана помеѓу Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина и Црна Гора. Целосното имплементирање на Балканската иницијатива ќе значи иновативен и рационален пристап во изградбата на заеднички регионални одбранбени способности во духот на Концептот на НАТО за „паметна одбрана“.

**27.** Во врска со капацитетите и способностите за противвоздушна одбрана, се планира до 2020 година Воздухопловната бригада да се опреми со три ракетни батерии за противвоздушна одбрана на мали височини и со 3 до 4 радари со мал дострел.

**28.** Со цел зајакнување на пешадиските оперативни способности се планира до 2015 година да се обезбеди пакет за обука, за оперативна употреба и пакет за логистичка поддршка за најмалку еден среден пешадиски баталјон во согласност со кодот на НАТО за капацитети и способности. Во рамките на овој проект се планира да се обезбедат и системи за противоклопна борба на средни и на големи далечини. До 2020 година ќе се модернизира уште еден пешадиски баталјон, а по 2020 година постепено ќе се модернизираат сите пешадиски баталјони.

**29.** Воениот персонал и опремата (хаубици 105 мм и самооден систем „БМ-21 ГРАД“) од сегашните четири артилериски баталјони ќе се концентрираат во еден делумно распоредлив артилериски баталјон. Модернизацијата со хаубици 155 мм се предвидува да се изврши во периодот од 2016 до 2020 година и потоа.



**30.** Научените лекции од учеството во меѓународните операции говорат дека од суштинско значење е да се располага со соодветни капацитети на тактичко ниво за справување со импровизирани експлозивни направи (ИЕН). Персоналот и опремата во постојните времени состави за пронаоѓање и уништување на експлозивни направи и нивната експертиза и персоналот од пионерските состави ќе претставуваат основа за димензионирање на органските способности за справување со ИЕН во состав на инженериските единици.

**31.** За идниот развој на Логистичката бригада особено се важни способностите за поддршка на меѓународните операции. Од 1999 година АРМ континуирано дава логистичка поддршка за силите на КФОР. Во 2007 година преземавме целосна одговорност за Координативниот центар за поддршка на силите на КФОР кој е лоциран во Петровец.

**32.** Вое908медицинскиот центар ќе развие и ќе одржува една подвижна болница од ниво 2 со поддршка од Кралството Норвешка (пакет на медицинска опрема) и од САД (пакет на логистичка опрема). Подвижната болница на ниво 2 може да биде распоредувана во меѓународни операции самостојно или, пак, по делови, во рамките на регионални или мултинационални наменски медицински сили.



# V
# ОДБРАНБЕНИ РЕСУРСИ



# ОДБРАНБЕНИ РЕСУРСИ

## *Човечки ресурси*

**1.** За успешно спроведување на стратегиските одбранбени мисии, од суштинска важност за оперативните способности на Армијата е да има добро образован и обучен, способен и мотивиран професионален воен и цивилен персонал. Практиката покажува дека сите аспекти на менаџирањето на човечките ресурси, привлекување, селекција, образование, обука, мотивација, наградување, унапредување и престанокот на службата, придонесуваат за успешен развој и одржување на оперативните сили и способности.

**2.** Во 2006 година, обврската за служење на воен рок се замени со доброволно служење на воениот рок, со што Армијата постигна целосна професионализација. Со трансформацијата на АРМ и МО во периодот од 2005 до 2007 година значајно се намали офицерскиот и подофицерскиот персонал. Исто така, извршен е трансфер на дел од воениот и цивилниот персонал од Армијата во Министерството за внатрешни работи, во Дирекцијата за заштита и спасување, во Центарот за управување со кризи, во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, во Судската полиција и во други органи на државната управа.





| Ред. број | КАТЕГОРИЈА | 2005 | | 2006 | | 2007 | | 2008 | | 2009 | | 2010 | | 2011 | | 31.07.2012 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | БРОЈ | % | БРОЈ | % | БРОЈ | % | БРОЈ | % | БРОЈ | % | БРОЈ | % | БРОЈ | % | БРОЈ | % |
| 1 | Офицери | 1395 | 20 | 1225 | 16 | 1146 | 15 | 1136 | 15 | 1114 | 14 | 1045 | 14 | 996 | 14 | 991 | 14 |
| 2 | Подофицери | 1867 | 26 | 1786 | 23 | 1768 | 22 | 1810 | 23 | 1848 | 23 | 1809 | 25 | 1784 | 25 | 1777 | 25 |
| 3 | Професионални војници | 2668 | 37 | 3540 | 46 | 3927 | 50 | 3838 | 49 | 3979 | 50 | 3761 | 52 | 3750 | 52 | 3729 | 52 |
| 4 | Цивилни лица | 1210 | 17 | 1104 | 14 | 1035 | 13 | 971 | 13 | 942 | 12 | 658 | 9 | 653 | 9 | 633 | 9 |
| ВКУПНО | | 7140 | 100 | 7655 | 100 | 7876 | 100 | 7755 | 100 | 7883 | 100 | 7273 | 100 | 7183 | 100 | 7130 | 100 |

**ПРЕГЛЕД**
**на бројната состојба во АРМ по категории на вработени во периодот од 31.12.2005 до 31.07.2012 година**

**3.** Во јуни 2012 година АРМ е пополнета со 6.952 лица воен и цивилен персонал или пополна од 85,5%. Во Министерството за одбрана се распоредени 976 лица од кои 197 се воен персонал на Армијата.

До 2016 година ќе се формира активна резерва од 1.800 лица. Моделот на резервниот состав е активна резерва, што подразбира склучување на договор помеѓу МО и лицата кои ќе се јават на конкурс. Припадниците на активната резерва ќе примаат одреден месечен паричен надоместок и ќе бидат обврзани во текот на годината да учествуваат на обука и на вежби, како во државата така и во странство.

**4.** Еден од најголемите предизвици во иднина ќе биде да се продолжи со привлекувањето на квалитетен персонал. За таа цел МО во 2005 година ја донесе Програмата за привлекување на квалитетен, стручен и високообразовен професионален воен и цивилен персонал. АРМ и МО ќе спроведуваат кампањи за воената професија во средните училишта и во високообразовните институции и медиумски кампањи преку електронските и пишуваните медиуми.

**5.** Процесот на селекција на персоналот се спроведува врз основа на законските и подзаконските акти донесени во МО. Со правилна селекција во сите категории се овозможува избор на квалитетен и посветен персонал од кој во иднина ќе се идентификуваат потенцијалните лидери во АРМ и во МО. Времето и трудот потрошени за селектирање на вистинските луѓе за работните места го прават процесот на менаџирање многу полесен, затоа што се превенираат евентуалните проблеми во понатамошните фази.

**6.** Задржувањето на квалитетниот кадар во АРМ и МО се базира на финансиските придобивки од работниот однос, стандардите и условите за работа, како и перспективите за градење кариера преку едукација, обука и стручно усовршување. Почитувањето на законските и подзаконските акти, како и имплементацијата на концептите за офицери и подофицери во АРМ, обезбедуваат континуитет во развојот и задржување на квалитетниот персонал во одбраната.

**7.** Законот за служба во АРМ му овозможува на воениот и на цивилниот персонал од Армијата да се здобие со право на пензија со најмалку 25 години пензиски стаж остварен во Армијата, без оглед на возраста, доколку не исполнува услови за старосна пензија.

**8.** Со измените на Законот за служба во АРМ во 2010 година беше заокружена правната регулатива на процесот на подготовка за враќање во цивилен живот со потполна примена на стандардите на НАТО. Процесот на подготовка на воениот персонал за враќање во цивилен живот во Министерството за одбрана се реализира преку програмата „ЛЕПЕЗА“. Во периодот 2006-2012 година оваа програма ја поминаа околу 410 припадници на Армијата. Програмата се спроведува со поддршка на Владата, Агенцијата за вработување, бизнис-заедницата и Кралството Норвешка.

**9.** Здравствената заштита на воениот и на цивилниот персонал во АРМ и МО е регулирана со Законот за служба во АРМ и Законот за здравствена заштита. Во 2010 година Воената болница се трансформира во Градска општа болница „8 Септември“ и Военомедицински центар на АРМ. Центарот е наменет да им укажува здравствена заштита на вработените во АРМ и МО, како и на персоналот од гарнизоните и единиците за време на теренски активности.

**10.** Политиката за еднакви можности е втемелена врз општо признатите цивилизациски принципи и базичните принципи од Уставот на Република Македонија, каде е утврдено дека „граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба”. Оваа политика претставува и основа на Програмата за еднакви можности во АРМ и МО донесена во 2005 година.

Подобрувањето на условите за работа и следењето на трендовите во модерните армии почнува да дава ефекти, што може да се види од сè поголемата заинтересираност на жените за служба во Армијата.

| Ред. број | КАТЕГОРИЈА | 31.07.2012 | | МАЖИ | | ЖЕНИ | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | БРОЈ | % | БРОЈ | % | БРОЈ | % |
| 1 | Офицери | 991 | 14 | 905 | 91,4 | 86 | 8,6 |
| 2 | Подофицери | 1777 | 25 | 1579 | 88,9 | 198 | 11,1 |
| 3 | Професионални војници | 3729 | 52 | 3617 | 97 | 112 | 3 |
| 4 | Цивилни лица | 633 | 9 | 414 | 65,4 | 219 | 34,6 |
| ВКУПНО | | 7130 | 100 | 6515 | 91,4 | 615 | 8,6 |

**ПРЕГЛЕД**

**на полова застапеност во Армијата**

## *Соодветна и правична етничка застапеност*

**11.** Во согласност со Уставот на Република Македонија, една од темелните вредности на уставниот поредок на државата е соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и во другите јавни институции. Стратегијата за одбрана на Република Македонија како интерес од особено значење го посочува зачувувањето и унапредувањето на цврстата и функционална мултиетничка демократија и постојано унапредување на меѓуетничките односи, што ќе се постигне и со реализирање на целите од Програмата за соодветна и правична застапеност на етничките заедници во АРМ и МО од 2012 година.

**12.** Во периодот 2005-2012 година значајно е подобрена соодветната и правичната етничка застапеност во воениот персонал (професионални војници,

подофицери и офицери). Анализите покажуваат дека сѐ уште не се постигнати поставените цели и треба да се вложат поголеми напори во произведувањето на офицерите од етничките заедници кои не се мнозинство.

| Ред. број | ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ (во проценти) | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | МАКЕДОНЦИ | 81,37 | 77,60 | 75,06 | 73,59 | 73,31 | 73,60 | 74,08 | 73,67 |
| 2 | АЛБАНЦИ | 12,20 | 15,45 | 17,92 | 18,92 | 18,79 | 18,56 | 18,35 | 18,72 |
| 3 | ТУРЦИ | 0,98 | 1,44 | 1,71 | 2,04 | 2,21 | 2,23 | 2,13 | 2,14 |
| 4 | РОМИ | 0,45 | 0,74 | 0,93 | 1,02 | 1,17 | 1,18 | 1,20 | 1,22 |
| 5 | СРБИ | 2,46 | 2,33 | 2,12 | 2,13 | 2,08 | 1,99 | 1,89 | 1,89 |
| 6 | БОШЊАЦИ | 0,59 | 0,60 | 0,57 | 0,59 | 0,57 | 0,59 | 0,57 | 0,57 |
| 7 | ВЛАСИ | 0,63 | 0,76 | 0,74 | 0,77 | 0,80 | 0,82 | 0,81 | 0,81 |
| 8 | ОСТАНАТИ | 1,32 | 1,08 | 0,95 | 0,94 | 1,08 | 1,02 | 0,97 | 0,98 |
| ВКУПНО: | | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |

**ПРЕГЛЕД**
**на застапеност на етничките заедници во воениот персонал на Армијата**

**13.** Оваа состојба наметна потреба од донесување на нова Програма за соодветна и правична етничка застапеност во Армијата и во Министерството. Програмата предвидува спроведување на повеќе мерки во различни сфери, од привлекување, образование, обука, задржување на квалитетниот персонал до градење на лидери и носители на високи воени функции во земјата и во странство. Имплементацијата на Програмата ќе изврши балансирање на приливот и одливот на персоналот од припадниците на етничките заедници, што ќе придонесе во градењето на меѓусебната доверба и почитување меѓу вработените, а притоа треба да бидат запазени стандардите за висококвалитетен кадар.

Постигнување на целите кај државните службеници ќе се реализира врз основа на Законот за државни службеници и Стратегијата за правична и етничка застапеност при Владата на Република Македонија.

## *Образование и обука*

**14.** Образованието и обуката го покриваат севкупното образование во текот на кариерата на вработените, започнувајќи со влезното ниво на сите категории персонал. Ова образование се спроведува преку Воената академија, националните центри за обука и преку учество на меѓународни курсеви и вежби. Со ова се обезбедува континуитет во образованието и обуката на персоналот, посебно за декларираните сили.

**15.** Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“-Скопје, како придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип, претставува високообразовна и научноистражувачка установа за образование на кадри за потребите на Армијата (студенти-питомци), за системот на управување со кризи и заштитата и

спасувањето. Воената академија е акредитирана високообразовна институција во согласност со Болоњската конвенција и Европскиот кредит-трансфер систем, според кои се реализираат следниве универзитетски студии:

– прв циклус (додипломски) – акредитирана програма;
– втор циклус (специјализација и магистратура) – акредитирана програма и
– трет циклус (докторски студии) – акредитацијата е во тек.

**16.** Во согласност со реафирмираните цели за континуирана професионална едукација на офицерскиот кор во АРМ, во Воената академија започна да се реализира и напредно ниво за едукација на офицери. Едукацијата опфаќа:

– курс за офицери за логистичките специјалности и за службите во АРМ;
– курс за командири на чети на родови и на логистички специјалности;
– курс за штабни должности на баталјонско ниво.




**17.** Воената академија врши континуирана едукација на питомци и студенти, а воедно нуди и широк спектар на наставни предмети од областа на одбраната како поширока научна област на општествените науки, посебно во делот на воените и военотехничките науки, системот за управување со кризи, заштитата и спасувањето. Основна цел на едукацијата на питомците и студентите на нашата Воена академија е сестран развој на личноста на идните воени старешини и државни службеници, психофизички и морално подготвени и стручно оспособени старешини за извршување на задачите и за справување со новите предизвици.

**18.** Со цел за сопствена афирмација, Воената академија одржува интензивна меѓународна соработка, а особено презема мерки за нејзино етаблирање како регионална високобразовна институција. На Воената академија се школуваат и питомци за потребите на вооружените сили на Република Црна Гора. Во 2012 година, кадети од Република Косово ќе почнат да студираат на Воената академија.

На овој начин дипломата која се добива по завршувањето на Воената академија е призната и прифатена надвор од границите на Република Македонија.

**19.** Армијата на Република Македонија и Министерството за одбрана, во соработка со други високообразовни институции едуцираат кадар за сопствени потреби во сите три циклуси на едукација. Исто така, одреден број старешини и државни службеници се стекнуваат со повисок степен на образование на воените академии, колеџи и други високообразовни институции во странство.

**20.** Воената академија, организира меѓународен проект „Летен кампус" на кој учествуваат питомци, студенти и старешини од повеќе универзитети и академии од земјата и од странство. Целта е на учесниците да им се доближи комплексноста на предизвиците со кои ќе се соочат во нивната работа. Нивото и квалитетот на „Летниот кампус" од година во година се зголемуваат, а посебен белег на



ефектите кои ги постигнува овој проект му даваат еминентните професори, академски работници и експерти од доменот на безбедноста и одбраната, од земјата и од неколку влијателни оперативни и академски институции од целиот свет.

**21.** Обуката во АРМ, а посебно на декларираните единици за операции предводени од НАТО, се базира на прифатените НАТО-стандардни процедури. Квалитетот на обуката во АРМ и оперативната способност на декларираните единици се проверува преку Концептот за оперативни способности, оценување и известување на НАТО и на НАТО-стандардите за евалуација на степенот на подготвеност на силите. Клучниот персонал во АРМ и МО и декларираните единици имаат приоритет во јазичната обука.

**22.** Научените лекции од меѓународните операции и вежби, како и препораките на НАТО, ја нагласија потребата од развој на распоредливи интероперативни сили и способности. Во спроведувањето на обуката интензивно се примену-

ваат искуствата и научените лекции од меѓународните операции и вежби и истите ќе се преточуваат во доктрини за обука на воениот активен и резервен персонал.

**23.** Обуката се спроведува во центрите на Командата за обука и доктрини, Центарот за воеmegicinska обука, Регионалниот тренинг-центар за комуникации, Центарот „Џозеф Крузел“ и Центарот за обука на пилоти.

**24.** Военомедицинскиот центар е одговорен за одржување и развој на Центарот за медицинска обука, кој веќе е вклучен во регионалната мрежа на центри за обука. Центарот е формиран со поддршка на Швајцарската Конфедерација, а ќе се вложат дополнителни инвестиции тој да прерасне во Регионален центар за медицинска обука. Центарот врши обука за:

- инструктори за прва медицинска помош;
- немедицински лица за укажување на самопомош и прва помош (животоспасувачи);
- подготовка на медицинските тимови пред распоредување во меѓународни мисии и операции.

**25.** Во Регионалниот тренинг центар за комуникации (РТЦК) се спроведуваат обуки од областа за односите со јавноста. Досега се развиени и се реализираат 3 нивоа (основно, продолжително и напредно ниво) на обуки од областа на комуникациските вештини и медиа-тренингот, обука од областа на комуникација во кризни ситуации, како и обуки за давање на воени брифинзи. Во 2011 година беше поведена иницијатива за прераснување на РТЦК во ПзМ/НАТО-центар на совршенство. Приоритетно е проширувањето на содржините и бројот на инструкторите, не само на национално, туку и на регионално ниво, што ќе придонесе за унапредување на регионалниот карактер на Центарот. Во иднина визиите одат во насока на тоа постојните целни групи за обука на национално ниво да вклучат и учесници од други министерства, Собранието на Република Македонија, локалната самоуправа и други државни институции, имајќи предвид дека овој центар е единствен од овој тип во рамките на државната администрација.

## *Финансирање на одбраната*

**26.** Армијата и Министерството за одбрана ги извршуваат своите главни мисии, задачи и функции користејќи ги сите ресурси кои им се на располагање, притоа потврдувајќи го виталното значење на Владата на Република Македонија да развие репрезентативни и добро дефинирани фискални стратегии кои:

- овозможуваат поставување на приоритети за ресурсите кои се користат за мисии, задачи и функции поврзани со националната безбедност;
- обезбедуваат соодветно балансирана употреба на ресурси во министерствата и организациите во поддршка на националните безбедносни и одбранбени цели;
- поттикнуваат дијалог помеѓу Собранието и министерствата во врска со националната безбедност и
- развиваат дисциплиниран пристап кон намерите и транспарентноста за планирање и имплементација на практични безбедносни и одбранбени буџети.

**27.** Последниве седум години, системите и процесите за одбранбено планирање се користат со зголемена ефикасност со што се постигна соодветно користење на ресурсите без да се жртвува ефективноста. Дополнително, добри бизнис-практики и технолошки алатки се користени за подигање на целокупните способности и капацитети во безбедноста. Додека институциите на безбедноста, вклучувајќи ги и АРМ и МО поминуваа низ амбициозни реформи, тие ги постигнуваа сегашните мисии, задачи и функции во исто време планирајќи и подготвувајќи се за иднината. Без фокусирана стратегија, определба, визија и посветено лидерство, сегашната безбедносна и одбранбена реформа немаше да виде возможна во време на ограничени ресурси предизвикани од економската криза.

**28.** Планираните структурни промени, врз основа на Стратегискиот одбранбен преглед, беа успешно реализирани преку предавање на граничното обезбедување на МВР и Воената болница во системот на јавното здравство, како и преку формирање на Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување и Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации. Процесот на издвојување на одредени функции од Министерството за одбрана во други државни органи, проследен со групирање на единиците на АРМ беше успешно завршен со предавање на вишокот на воени објекти на други државни органи и на локалната самоуправа.

Реализирањето на структурните промени доведе до редефинирање на мисиите во АРМ и МО и намалување на бројот на вработени за околу 20%, со што се создадоа објективни услови за реструктуирање на буџетот во одбраната, односно распределба на буџетот по формулата 50:30:20 (персонал : операции и одржување : опрема и модернизација).

**29.** И покрај редефинирањето на мисиите на АРМ и МО, буџетот во подолг временски период се одржуваше на ниво над 2% од БДП. Тоа овозможи целосна професионализација на Армијата и пополнување со квалитетен персонал, подобро одржување на опремата, унапредување на образованието и обуката, започнување на процесот на опремување и модернизација, како и перманентно зголемување на придонесот во меѓународните операции (Табела1).

**30.** Сепак, во последните три години глобалната финансиска криза и нејзиното негативно влијание врз економијата резултираше со намалување на одбранбениот буџет. И покрај најдобрите заложби на АРМ и МО за постигнување на финансиска ефикасност, намалувањето на одбранбениот буџет полека создава негативни влијанија врз напорите за модернизација и опремување на АРМ. И покрај намалениот одбранбен буџет, постигнати се забележливи достигнувања: континуирана пополна на АРМ со квалитетен персонал; повторното отворање на Воената академија; интензивирање на образованието и обуката; извршување на операции во поддршка на други државни институции и зголемување на придонесот во меѓународни операции.

**31.** Поставувањето на програмите, проектите и активностите по приоритет е од клучно значење во време кога одбранбените ресурси се ограничени.

Главниот приоритет се согледува преку трајната посветеност за членство во НАТО, вклучувајќи долгорочен придонес во регионалната и евроатлантската безбедност и стабилност. Така, трошоците за меѓународни операции од 2005 година до денес изнесуваат околу 50 милиони евра, што изнесува 8-10% од буџетот за одбрана на годишно ниво. Нашето учество во операции овозможи подобрена интероперабилност со сојузниците и партнерите; практична обука на нашите војници; ја зголеми репутацијата на Република Македонија како учесник во глобалната безбедност и стабилност и го зајакна стратегиското сојузништво со партнерите.

**32.** Трансформацијата на АРМ и подготовката на 50% распоредливи сили и способности, како и побавната динамика во реализација на плановите за опремување во последните години, во наредниот период ќе бидат реализирани преку постепен раст на одбранбениот буџет, развој на нови модалитети во регионалната соработка, примена на Концептот на НАТО за „паметна одбрана“, како и преку директна поддршка на пријателски земји преку донации во одбранбениот сектор.

**33.** Работејќи поекономично, со примена на системот за ППБИ се овозможува ограничените одбранбени ресурси да се поделат помеѓу критичните проекти, активности и програми. На модернизацијата во следните неколку години може позитивно да влијае постојаното растење на буџетот, развивањето на нови модели на регионална соработка, користењето на Концептот на НАТО за „паметна одбрана“, како и преку директната поддршка од пријателските земји. Доколку моменталната економска криза продолжи да се влошува, АРМ/МО ќе истражуваат нови начини и концепти да се постигне развивање на воени капацитети и способности. Министерството за одбрана, врз основа на Стратегијата за „паметна одбрана“ ќе ги рационализира одбранбените трошоци и ќе ја зајакне активноста и вклучувањето на регионални и интернационални проекти во согласност со нашите одбранбени цели. Регионалната соработка и користењето на Концептот на НАТО за „паметна одбрана“ ќе обезбедат можност за Република Македонија да учествува во заеднички инвестиции со други земји од регионот и со НАТО. Капацитетите и способностите кои недостигаат ќе продолжат да се развиваат на регионално ниво.

**34.** Во услови на економска криза, тешко е да се предвиди динамиката за зголемување на одбранбениот буџет. Но Владата останува посветена на натамошниот развој на одбраната и ќе направи дополнителни напори за што поскоро враќање на проекциите за одбранбениот буџет како што се дадени во Долгорочниот план за развој на одбраната 2011-2020 (Табела 2).

Министерството за одбрана, врз основа на Стратегијата за „паметна одбрана“ ќе врши рационализација на трошоците во одбраната и ќе ја интензивира својата активност во вклучување во регионалните и меѓународните проекти, во согласност со нашите одбранбени цели.

## ТАБЕЛА 1

**Буџет на Министерството за одбрана, процент од БДП и број на вработени за период од 2005 до 2012 година**

| Година | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Буџет во денари | 6.292.020.000 | 5.954.844.000 | 7.123.388.000 | 7.242.443.000 | 7.009.077.000 | 6.050.801.000 | 5.871.376.000 | 5.731.353.000 |
| Буџет во евра | 102.000.000 | 96.000.000 | 115.000.000 | 117.000.000 | 113.000.000 | 98.000.000 | 95.000.000 | 93.000.000 |
| Процент од БДП | 2,27 | 2,01 | 2,15 | 1,90 | 1,77 | 1,43 | 1,30 | 1,20 |
| Број на вработени | 8254 | 8358 | 8375 | 8640 | 8686 | 8023 | 7884 | 7937 |

## ТАБЕЛА 2

**Проекција и структура на буџетот на Министерство за одбрана за период од 2011 до 2020 година** (во милиони денари)

| ОПИС | ГОДИНИ | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
| БДП НА РМ | 454.004 | 488.622 | 533.477 | 582.451 | 635.920 | 694.297 | 758.034 | 827.621 | 903.597 | 986.547 |
| Процент од БДП за МО | 1,30 | 1,45 | 1,55 | 1,65 | 1,75 | 1,80 | 1,85 | 1,90 | 2,00 | 2,10 |
| Буџет на МО | 5.852 | 7.085 | 8.269 | 9.610 | 11.129 | 12.497 | 14.024 | 15.725 | 18.072 | 20.717 |

# VI
# ПРИДОНЕС ВО МЕЃУНАРОДНИ ОПЕРАЦИИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА



# ПРИДОНЕС ВО МЕЃУНАРОДНИ ОПЕРАЦИИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

## *Придонес во меѓународни операции*

**1.** Поаѓајќи од принципот на неделивост на безбедноста во Евроатлантскиот регион, Република Македонија придонесува во напорите на меѓународната заедница за заштита на светскиот мир и безбедност. Придонесот на Република Македонија за глобалната безбедност, мир и стабилност, првенствено се гледа преку вложувањето на сопствените безбедносни способности и капацитети за остварување на заедничките вредности и интереси.

**2.** Во согласност со ратификуваните меѓународни договори, единиците на Армијата од постојаниот и од резервниот состав или нивни делови, како и воени старешини и цивилни лица на служба во Армијата и вработени во Министерството за одбрана, можат да учествуваат во вежбовни активности и обука и во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Републиката.

**3.** Првиот придонес на Република Македонија надвор од нејзините граници започна во 2002 година во рамките на НАТО-предводената мисија ИСАФ во Авганистан. Потоа придонесот постепено се зголемуваше со распоредување на сили во мисијата „Слобода за Ирак“ во Ирак, во воената операција „ЕУ АЛТЕА“ во Босна и Херцеговина и во мисијата на Обединетите нации „УНИФИЛ“ во Либан. Дополнително, Република Македонија континуирано од 1999 година обезбедува постојана поддршка за силите во операцијата „КФОР“ на Косово.

| МИСИЈА | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ИСАФ | 21+21 | 75+75 | 131+131 | 136+136 | 160+172 | 163+79+163 | 163+166 | 162+168 | 2122 |
| | 42 | 150 | 262 | 272 | 332 | 405 | 329 | 330 | |
| Слобода за Ирак | 35+35 | 54+53 | 46+50 | 81+82 | / | / | / | / | 436 |
| | 70 | 107 | 96 | 163 | | | | | |
| АЛТЕА | / | | 42+32 | 12+12 | 12+12 | 12+12 | 12+12 | 10+10 | 211 |
| | | 21 | 74 | 24 | 24 | 24 | 24 | 20 | |
| УНИФИЛ | / | / | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 6 |
| КФОР | / | / | Во центарот се вработени вкупно 13 лица | | | | | | 13 |
| ВКУПНО | 112 | 278 | 446 | 460 | 357 | 430 | 354 | 351 | 2788 |

**Придонес на Армијата во меѓународни операции**

**4.** Република Македонија, како одговорен член на меѓународната заедница, одлучно останува да биде вклучена во заедничките напори за остварување на безбедноста и постигнување на долготрајно партнерство со Авганистан, во согласност со принципите на пренесување на сопственоста на безбедноста на авга-

нистанската влада и принципот на НАТО „заедно внатре и заедно надвор“. Досегашниот придонес и мисијата на националниот контингент постепено ќе се менува од мисија на заштита на силите во мисија за обука и асистенција на авганистанските безбедносни сили.

**5.** Нашиот придонес со сили во **ИСАФ** започна во 2002 година. Придонесот постепено се зголемуваше и во 2010 година постигна највисоко ниво од 250 војници во една ротација. Во рамките на досегашниот придонес во ИСАФ, медицински воен персонал на АРМ беше дел и од Здружениот медицински тим на Јадранската група земји (Македонија, Албанија, Хрватска), кој од август 2005 до јули 2009 година успешно функционираше во 8 ротации на аеродромот во Кабул. Република Македонија, денес во Авганистан има распоредено една чета која ја обезбедува Командата на ИСАФ во Кабул (150), штабни офицери во командите на ИСАФ, штабни офицери во оперативно-менторските тимови за врска, заеднички медицински хируршки тим во рамките на Норвешкиот провинциски реконструкциски тим во Мејмана и полициски инструктори во заедничкиот тим на Јадранската група земји (А-5 тим) во Школата за воена полиција на авганистанската национална армија во Кабул. Исто така, во текот на 2010 година АРМ даваше придонес и во контингентот на 86. бригада на Националната гарда на Вермонт (САД) во ИСАФ со еден вод на воена полиција за обука на авганистанската национална полиција и еден ренџерски вод за обука на авганистанската национална армија.



**6.** Од 2003-2008 година Република Македонија учествуваше во мисијата „**Слобода за Ирак**" предводена од САД со вкупно 11 извршени ротации, или вкупна бројка од 490 лица воен персонал. Иницијалниот придонес со еден вод за специјална намена во 2008 година беше дополнително зајакнат со уште еден вод.

**7.** Првиот придонес на Република Македонија во рамките на воената операција предводена од Европската унија – „**АЛТЕА**", започна во 2006 година со учество на хеликоптерски деташман составен од два хеликоптери Ми-8/17, а заврши во јули 2008 година. Придонесот во АЛТЕА продолжи со испраќање на медицински тим на ниво 1, правен советник и подофицер за превентивна медицина во Командата на ЕУФОР.

**8.** Република Македонија учествува во Концептот на ЕУ -борбените групи и е дел од борбената група **ЕУ БГ II/2012** во која учествуваат Германија – земја лидер, Австрија, Чешка, Ирска и Хрватска. Националниот контингент брои 150 лица воен персонал во состав: една пешадиска чета, штабен персонал во командата на силите, мешовито одделение за АБХО, тим за разузнавање, медицински техничар во медицинската чета Ниво-1 и национален елемент за поддршка. Контингентот е во потполна готовност за распоредување во текот на втората половина од 2012 година.

**9.** Од мај 2007 година го започнавме својот придонес во операции предводени од ООН, со учество на еден штабен офицер во мисијата „**УНИФИЛ**" во Либан. Денес во тек е шестата ротација.

**10.** Придонесот на Република Македонија во меѓународните операции претставува конкретна потврда за успешноста на реформите во одбраната и за цврстите стратегиски определби на државата за членство во НАТО и во Европската унија. Двесте припадници на Армијата се одликувани со разни медали за храброст, посветеност и високи професионални достигнувања.

**11.** Со Среднорочниот план за развој на одбраната 2012-2017 година се предвидени следните проекции за учество во меѓународни операции:

- продолжување на учеството во мисијата на НАТО - „ИСАФ" до 2014 година и давање на придонес и поддршка на авганистанските безбедносни сили по 2014 година;
- учество во операции предводени од ЕУ;
- учество во мисии предводени од ООН;
- континуирана поддршка на КФОР.

## *Меѓународна одбранбена соработка*

**12.** Министерството за одбрана постојано е активно во одбранбената соработка на мултилатерално, на регионално и на билатерално ниво. Како земја-кандидат за членство во НАТО и во ЕУ остварува интензивна и тесна соработка и

со двете организации и со нивните земји-членки. Со воспоставувањето на стратегиското партнерство со САД во 2008 година се создадоа услови за уште посилна поддршка на Република Македонија во подготовките за членство во НАТО, особено во делот на едукацијата на офицерите, обуката, опремувањето на АРМ и заедничкото учество во меѓународни операции.

На билатерален план се потпишани планови за одбранбена соработка со 24 држави и се остваруваат бројни активности. Покрај соработката со земјите-членки на НАТО и ЕУ, одбранбената соработка се прошири и со Народна Република Кина.

**13.** Министерството за одбрана донесе нова Стратегија за одбранбена дипломатија чија основна цел е продлабочување и проширување на одбранбената соработка и зајакнување на мрежата на одбранбената дипломатија.

Сегашната мрежа на одбранбената дипломатија на мултилатерално ниво вклучува:

- 1 одбранбено аташе во Мисијата на ОБСЕ во Австрија, кое ги покрива и Австрија, Хрватска и Словенија како нерезидентно аташе;
- 5 лица во Мисијата на Република Македонија при НАТО во Брисел;
- 2 лица во Канцеларијата за врски во Командата за операции на НАТО во Белгија;
- 1 лице офицер за врски во Командата за трансформација на НАТО во САД;
- 4 лица во Командата на мултинационалната Бригада на Југоисточна Европа во Грција;
- 1 лице во RACVIAC- Центар за безбедносна соработка во Хрватска.

**14.** На билатерално ниво се поставени 6 резидентни аташеи, и тоа во САД, во Обединетото Кралство, во Франција, во Германија, во Турција и во Грција, и цивилно-одбранбено аташе во САД. Исто така, поставено е  нерезидентно аташе кое ги покрива Црна Гора, Босна и Херцеговина и Косово. Во 2012 година Министерството ќе испрати одбранбено аташе во Кина, а во иднина се разгледуваат можностите и ресурсите за отворање на нови места во мисијата на ООН во Њујорк, во мисијата на ЕУ во Брисел и во Русија.

**15.** Министерството има испратено лица на служба на меѓународни должности во Командите на НАТО како партнерски штабни елементи, и тоа во Брунсум, во Неапол, во Монс и во Брисел, каде што овие лица ќе се стекнат со потребното искуство за работа во мултинационални штабови и на меѓународни должности.

**16.** Мултилатералната меѓународна соработка практично е поддржана со пристапувањето кон бројните конвенции, но и со учеството во многу регионални инцијативи и проекти. Организацијата на Обединетите нации е универзална меѓународна организација и форум каде постојано се потврдува и се споделува нашата мирољубива надворешна политика. Токму затоа и на полето на одбраната и безбедноста Македонија делува во целосна согласност со принципите на ООН. Република Македонија, во рамките на соработката со меѓународните безбедносни организации – ООН, НАТО, ЕУ и ОБСЕ, има пристап на активно учество во креирањето и спроведувањето на глобалната одбранбена политика и во

подобрувањето на националните способности за справување со новите закани, ризици и предизвици за поефекасно управување со цивилните и со воените капацитети во интерес на глобалниот мир и стабилност.

**17.** Република Македонија како членка на ОБСЕ пристапи и кон договорите од областа на контрола на вооружувањето „Виенски документ 1994“, „Виенски документ 1999“ и „Виенски документ 2011“. За спроведување на преземените обврски МО формираше Центар за контрола на вооружувањето и воспостави блиска билатерална и регионална соработка со повеќе држави-потписнички на договорите. Во наредниот период ќе пристапиме кон приспособениот договор „CFE – Конвенционални вооружени сили на Европа“, и кон обука на персоналот за спроведување на обврските во согласност со Договорот. Особено активно ги поддржуваме мерките кои имаат цел контрола на оружјето, превенција на пролиферацијата на оружјето за масовно уништување и капацитети за нивна употреба. Во тој правец, Република Македонија се залага за проширување на националниот придонес, како начин на промоција на мирот и на унапредувањето на мерките за изградба на доверба и безбедност во светот.

## *Регионална одбранбена соработка*

**18.** Република Македонија е цврсто посветена на понатамошното унапредување на регионалната соработка, на зајакнување на безбедноста и стабилноста, на размената на искуства и поддршка на земјите од Регионот и нивна интеграција во евроатлантските структури. Регионалната одбранбена соработка вклучува постојани политички консултации на сите нивоа, заедничка обука, изградба на регионални центри за обука, изградба на заеднички воени единици, па сѐ до заедничко учество во меѓународните операции.

**19.** Блиската и плодна регионална соработка во САД-Јадранската група земји (А-5 формат), претставува многу успешен формат за вклучување на сите држави во Регионот, вклучително и Република Косово. Република Македонија смета дека унапредувањето на А-5 соработката е пристап на двојна добивка, и за мирот и стабилноста и за евроатлантската интегративност на Регионот.



**20.** Националните одбранбени реформи, во услови на економска криза, се нов голем предизвик пред којшто се исправени сите држави во Регионот. Лекциите од историјата говорат дека периодите на економски кризи се и можност за појава на нови идеи и концепти кои ќе ни овозможат порационално однесување и подобри резултати. Во тој дух, Република Македонија е убедена дека иновативниот концепт на НАТО наречен „паметна одбрана“ може да претставува стратегиски водич во справувањето со современите предизвици и тоа не само за нас, туку и за целиот регион.

**21.** Иницијативата за балкански регионален пристап за воздушна одбрана е прв проект за изградба на заеднички регионални капацитети. Република Македонија верува дека овој заеднички пристап може да се примени и во други проекти од областа на модернизацијата на националните вооружени сили, за што ќе следат интензивни дијалози и консултации со државите од Регионот.

**22.** Сличностите и заедничките национални оперативни потреби на земјите од Регионот, како оние за добро обучени и сертифицирани истурени набљудувачи на воздушниот простор и Регионалните медицински здружени сили, претставуваат значајна можност за заемно остварување на потребните способности и капацитети.

**23.** Република Македонија продолжува активно да учествува во СЕДМ-процесот како поширок формат за одбранбена соработка во Југоисточна Европа, посветен на промоцијата на мирот, стабилноста и безбедноста на Регионот. Мултинационалната бригада од Југоисточна Европа е најзабележливиот проект во тој процес, чиј сегашен командант е генерал на АРМ.

**24.** Република Македонија го поддржува развојот и на новите проекти во рамките на СЕДМ-процесот како што се Иницијативата за градење на интегритет, со намена за намалување на ризиците од корупција во безбедносниот сектор и проектот „Жените-лидери на Конференцијата за безбедност и одбрана“, кој има цел да процени како жените-лидери се снаоѓаат во организациите за безбедност и одбрана во регионот на Југоисточна Европа.

**25.** Во рамките на иницијативата „Клирингхаус на Југоисточна Европа“ , Република Македонија во 2012 година е копретседавач на оваа иницијатива. Во текот на своето копретседателствување има намера да ги промовира Регионалниот тренинг-центар за комуникации, Центарот за медицинска обука и армискиот полигон „Криволак“ како можни капацитети за користење од страна на земјите од Регионот и земјите-членки на НАТО. Истите се веќе  отворени и се користат од страна на земјите од Регионот.

# VII
# ОДБРАНАТА И ОПШТЕСТВОТО



## *Армијата и општеството*

**1.** Цивилно-воената соработка е интегрален дел од современите мултидимензионални операции и активности и се однесува на сите инволвирани субјекти. Армијата на Република Македонија својата подготвеност за сеопфатна соработка ја демонстрира преку реализација на конкретни активности и проекти од поширок општествен интерес. Во рамките на своите можности и капацитети Армијата во континуитет се ангажира за логистичка поддршка во решавањето на одредени инфраструктурни проблеми, обезбедување на материјали, опрема и услуги при одржување на разни манифестации, спортски, културни и хуманитарни активности.

Армијата постојано учествува во традиционалната акција на Владата на Република Македонија „Ден на дрвото", акција во која секоја година учествуваат неколку стотици припадници од Армијата со соодветна логистичка поддршка за нејзина реализација. Исто така, АРМ дава логистичка поддршка за решавање на одредени локални инфраструктурни проблеми како што се проширување, поправка, реконструкција и тампонирање на патишта за потребите на локалната самоуправа во Република Македонија во должина од стотина километри.



**2.** Функционирањето и извршувањето на мисии и задачи во мултинационални и мултиконфесионални услови е специфично и проследено со бројни предизвици и наметнува потреба за воведување на нови форми и методи во обуката на персоналот кој е одговорен за цивилно-воената соработка.

**3.** Краен резултат на успешно реализираните мерки од доменот на цивилно-воената соработка е градење на цивилно-воени услови кои ќе бидат во функција на подобрување на моралот, материјалната база, еколошкото опкружување и создавање на тактичка предност во извршувањето на задачите. Одговорниот персонал за цивилно-воена соработка треба:

– да воспостави соработка со цивилните авторитети на сите рамништа;
– непосредно да учествува во процесот на планирање;
– да врши континуирани процени на непосредното и поширокото цивилно опкружување, вклучително и процена на потребите на цивилното население;

– да реализира одредени цивилни активности и потреби со користење на воени сили и средства;
– да го советува одговорниот старешина–командант за сите аспекти на цивилно-воената соработка.

**4.** Имајќи го предвид фактот дека при извршувањето на мисиите, командантите на единиците комуницираат со голем број цивилни организации и агенции со јасно дефинирани мисии, мандати, методи на работа, улоги и одговорности, потребата од добро обучен персонал е клучен предуслов за успех во комплексни и кризни опкружувања.

**5.** Соработка со невладини организации се остварува во областа на едукацијата на младата популација со организирање на семинари, трибини и други манифестации во кои активно учествуваат припадниците на Армијата. Министерството за одбрана на Република Македонија остварува соработка со Институтот за безбедност, одбрана и мир при Филозофскиот факултет, со Факултетот за безбедност-Скопје и со сите други високообразовни институции.

## *Информирање на јавноста*

**6.** Министерството за одбрана со капацитетите за стратегиски комуникации обезбедува точни и навремени информации за внатрешните компоненти, државните органи и јавноста заради правилна процена и разбирање на фактите поврзани со националната безбедност и одбрана.

Обезбедувањето на медиумите со континуиран прилив на информации е од особено значење заради избегнување на дезинформациите, на гласините, на шпекулациите и на нетрпеливоста во јавноста, особено кај членовите на семејствата на ангажираните припадници на вооружените сили во воени операции, како и заради зголемување на јавната претпазливост и разбирањето на активностите во рамките на меѓународните операции.

**7.** Односите со јавноста во областа на одбраната се во процес на трансформација, како во поглед на нивното организирање и начинот на планирањето, така и во поглед на реализирањето на информативните содржини и активности. Притоа, добро е што оваа област во системот на одбраната во најголем дел има основна поставеност, но и искуства за натамошна надградба и приспособување на современите можности и потреби.

**8.** Мисија на Министерството и на Армијата за информирање на јавноста е да обезбеди комплетно, навремено и точно објавување на информациите во јавноста во врска со активностите на Министерството за одбрана и командите и единиците на АРМ, како во земјата така и надвор, во согласност со начелата и регулативите за оперативна безбедност, како и приватноста на силите и персоналот во нив.

**9.** Принципите за информирање на јавноста во Министерството за одбрана се наменети за широк спектар на ситуации, од мир, преку кризни ситуации, до војна.

А) Транспарентност.
Б) Одговорност и надлежност во доставување на информациите.

В) Отвореност на информациите, почитувајќи ги Уставот и законите.
Г) Навремено и точно објавување на информациите до јавноста.
Д)Еднаков пристап до информации за сите медиуми.
Ѓ) Внатрешно информирање.
Е) Безбедност на персоналот.

**10.** Поаѓајќи од општата определба, односите со јавноста треба да се дефинираат низ постигнување на следните посебни начела:

- обезбедување максимум информации од областа на одбраната за сите заинтересирани, во согласност со политиката за национална безбедност и одбрана;
- достигнување и одржување максимално ниво на познавање и поддршка на одбранбената политика, како од страна на внатрешните структури на Министерството за одбрана и Армијата така и од јавноста и заедницата;
- достигнување и одржување на најдобри можни односи со сите структури и сегменти на заедницата во поглед на меѓусебната соработка, организирањето и реализирањето на заедничките содржини во остварувањето на задачите во системот за одбрана;
- развивање, јакнење и зацврстување на свеста на граѓаните на Република Македонија заради исполнување на уставните права и обврски во врска со подготовките и остварувањето на одбраната;
- подигнување на дигнитетот, угледот, моралот и готовноста на субјектите и носителите на одбранбените активности во сите структури на одбраната и поттикнување на мотивираноста за потполно и квалитетно извршување на функционалните задачи.

**11.** Основна цел на сите напори на информирањето на јавноста на Министерството за одбрана и АРМ е да обезбеди разбирање и поддршка на јавноста за активностите кои ги спроведуваат надлежниот ресор, единиците и командите на АРМ во согласност со мисиите и задачите.

**12.** Специфични цели на информирањето на јавоста се:

А. Да се зголеми јавното знаење и да се промовира разбирање во јавноста за задачите кои ги извршуваат Министерството за одбрана и АРМ, нивната улога, можностите и нивниот одлучен придонес кон стабилноста во регионот и пошироко;



Б. Да се обезбеди колку што е можно поточно, поцелосно и побрзо информирање на јавноста за активностите на Министерството и на командите и единиците на АРМ, како во земјата така и во рамките на меѓународните мировни мисии за стабилизација и поддршка на мирот надвор од земјата.

**13.** Овие цели ќе бидат реализирани со намера:

(1) да се зголеми јавната поддршка за активностите кои ги спроведуваат Министерството за одбрана и единиците на АРМ во земјата;

(2) да се зголеми јавната поддршка за соработката на единиците на АРМ со силите на НАТО, особено во подрачја каде единици на АРМ се испратени или ангажирани во мисии за поддршка на мирот;

(3) да се отстрануваат можните недоразбирања во јавноста и евентуалните дезинформации за мисијата, улогите, можностите и активностите на командите и единиците на АРМ;

(4) да се даде придонес за ефективноста на Министерството за одбрана и командите, единиците и персоналот на Армијата на Република Македонија при одговарање на прашањата доставени од страна на медиумите.

**14.** Министерот за одбрана, преку портпаролот ги планира, ги организира и ги реализира севкупните односи со јавноста во рамките на Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија.

Покрај тоа, портпаролот го координира оспособувањето и развивањето на информативни програми и изработката на печатени и аудиовизуелни програми и електронски мрежи (интернет). Портпаролот на Министерството за одбрана стручно раководи со севкупната служба и со органите за односи со јавноста во одбраната и ја поттикнува нивната активност, создавајќи услови за максимална ефикасност.

**15.** Во 2012 е формиран нов Сектор за комуникации, аналитика и оперативна поддршка со кој раководи портпаролот на Министерството за одбрана. Секторот го сочинуваат пет одделенија:

– Одделение за медиа и мултимедијална работа;
– Одделение за издавачка дејност и продукција;
– Одделение за планирање,стратешки анализи и истражување;
– Регионален тренинг-центар за комуникации;
– Одделение за протокол.



**16.** Во 2012 година Министерството за одбрана донесе Стратегија за стратегиски комуникации. Покрај конвенционалните начини на комуникација преку редизајнирање на официјалната интернет-страница и редовно информирање на јавноста преку соопштенија и слично, МО екстензивно ги користи социјалните мрежи. Тие несомнено, претставуваат наједноставен начин и одлична можност за брзо и точно објавување на дневните настани и активности, проследени со потребните мултимедијални елементи – фотографии, видеа и друго. Воедно, овој вид комуникација овозможува и поттикнува дискусии, што претставува врвен начин на достигнување на меѓусебната комуникација со јавноста кон која целиме. Покрај Facebook-страница, Министерството за одбрана од неодамна има отворено и официјален YouTube-канал, кој постојано се надградува преку прикажување на значајните реализирани активности во и надвор од Република Македонија, како и текот на вежбите чиј дел е Армијата. Овие новитети јасно укажуваат на тоа дека Министерството за одбрана недвосмислено ги следи светските трендови во оваа област.

**17.** Во делот на издавачката дејност, магазинот „Штит“ и научното списание „Современа македонска одбрана“, покрај на македонски јазик, ќе се објавуваат и на албански и на англиски јазик. Воедно се работи на тоа, списанието „Современа  македонска одбрана“, кое ја претставува и ја промовира научната мисла и достигнувањата во сферата на одбрана и безбедноста во Република Македонија, во регионот и пошироко, да се подигне на степен на меѓународно научно списание во кое во Меѓународниот уредувачки одбор ќе се вклучат експерти од целиот регион, вклучително и од земјите-членки на Јадранската група.















**18.** Потврда за позитивното влијание на системот на односи со јавноста врз општеството е највисоката доверба што ја има Армијата на Република Македонија кај сите нејзини граѓани, гледано во однос на останатите институции, независно од националната припадност. Министерството за одбрана планира подготовка и реализација на посебни проекти и останати форми на соработка преку кои ќе ја доближи АРМ до сите етнички заедници на Република Македонија. На тој начин, всушност, би сакале уште повеќе да го подигнеме нивото на доверба кај сите етнички заедници. Очекуваме преку работа и успеси, Армијата на Република Македонија и понатаму да го задржи својот највисок рејтинг, а Министерството за одбрана да продолжи да биде респектабилна институција која е во постојан близок контакт со граѓаните.

**19.** Внатрешното информирање е насочено кон внатрешните структури на одбраната, т.е. кон вработените во Министерството за одбрана и припадниците на АРМ. Претходно дефинираните ставови за јавното информирање во потполност се однесуваат и на внатрешното информирање, со тоа што во овој случај во прв план е постигнување на целта во врска со мотивираноста на субјектите во одбраната за потполно и ефикасно извршување на функционалните задачи и информативните содржини по обемот на содржините да бидат сеопфатни и насочени на одредени појави, настани и активности и да се одвиваат секојдневно.

**20.** Министерството за одбрана, врз основа на потребата за преземање на активности за внатрешно информирање на вработените во врска со мерките и активностите од преструктуирањето на АРМ и реформите во Министерството за одбрана, има донесено план на активности. За персоналната политика и статусните прашања, условите за работа и за живот, Министерството за одбрана остварува тематски средби со членови на Синдикатот и со останатите вработени во одбраната од целата Република. На овој начин менаџментот на Министерството за одбрана и АРМ остварува директни разговори со поголемиот дел од професионалниот состав на Армијата и Министерството. Покрај тоа, од страна на независни институции се врши анонимно анкетирање на вработените, со цел да се види расположението и мислењето кај вработените. Потоа резултатите од испитувањето на мислењето се анализираат и од нив се изведуваат соодветни заклучоци.

# VIII
# ВИЗИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ОДБРАНАТА



# ВИЗИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ОДБРАНАТА

**1.** Армијата е организација составена од добро подготвени, способни мажи и жени кои се целосно посветени на одбраната и безбедноста на Република Македонија и одбраната на националните интереси. Во поддршка на националните безбедносни цели и намери нашата Армија успешно извршува мисии од широк спектар на воени операции и е подготвена да одговори на различни домашни и интернационални непредвидливи ситуации. За да може Армијата да обезбедува добросостојба и безбедност за населението таа мора да се подготвува за непредвидливо безбедносно окружување. Република Македонија својата иднина ја гледа како полноправна членка во НАТО и во ЕУ.

**2.** Визијата дава насоки како Армијата ќе се трансформира и развива во наредната декада, поддржана од ефикасно и ефективно МО–Армија која ќе биде подготвена за зачувувањето на националните интереси и да придонесе кон светскиот мир. Доколку сакаме нашата Армија да биде современа, ефективна, флексибилна и лесно прилагодлива, Република Македонија ќе мора да инвестира и да развива способности и капацитети кои се од суштинско значење за Армијата.

**3.** Целосната визија за капацитети и способности кои се потребни на АРМ и МО се заснова на нашето периодично проценување на стратегискиот контекст во кој оперираат нашите сили. Кога лидерите на државата ќе проценат дека има промени во стратегиската средина, МО ќе ја ажурира Одбранбената стратегија и Долгорочниот план за развој на одбраната за да се постигнат краткорочните и долгорочните цели. Во наредната декада напорите и ресурсите ќе бидат насочени кон надградувањето на постојните капацитети, како и истовременото развивање на нови воени способности. Визијата ќе се фокусира на следните главни области:

- трансформација на Армијата и на Министерството за одбрана;
- зголемена оперативна готовност на Армијата;
- подобрено одржување на опремата и инфраструктурата;
- долгорочен придонес во меѓународни операции;
- интеграција во НАТО и во ЕУ;
- поголема регионална и меѓународна соработка;
- подобрување и интеграција на системите за команда, контрола и комуникација;
- подобра мобилност, транспорт и способности за распоредување;
- постигнување на интероперативност со силите на земјите-членки на НАТО;
- зајакнување на програмите за лидерство и професионален развој на АРМ и МО;
- развивање на релевантна доктрина за употреба на АРМ во услови на променлива стратегиска и оперативна средина;
- регрутирање на квалитетен персонал и постигнување на соодветна и правична етничка и полова застапеност;
- одржување на високо образован и обучен персонал;

- развивање на фокусирана логистика (испорачување на вистинската опрема, резерви и персонал во вистинската количина, на вистинското место и во вистинско време за да се поддржат оперативните цели);
- развивање на програми за аквизиција во одбраната кои се базираат на Стратегијата „од концепт до способност“;
- примена на Концептот за „паметна одбрана“;
- зајакнување на заштитата на силите;
- развивање на ефективни планови за стратегиска комуникација;
- унапредување на внатрешните работни процеси;
- унапредување на процесите на системот за планирање, програмирање, буџетирање и извршување.

**4.** Главните проекти кои се содржат во Визијата за одбраната се опишани накусо. Овие проекти се потребни за постепено зајакнување на способностите и капацитетите без да се доведе во прашање ефективноста на АРМ и МО и нивното исполнување на мисии и задачи.

## *Преструктуирање на Армијата и на Министерството за одбрана*

**5.** Армијата продолжува со динамичен процес на трансформација сè до 2015 година. Со овој процес ќе се обезбедат поголеми оперативни способности, подобро насочен командно-контролен систем и дополнување со подготвен, обучен и активен резервен персонал од 1800 лица. Преструктуирањето на АРМ ќе обезбеди оперативно подготвени сили со пополнување од минимум 90% пополнетост со опрема и обучени кадри според стандардите на НАТО.

**6.** Планираната трансформација на МО треба да постигне поголема ефикасност во извршувањето на мисиите, задачите и функциите.  За таа цел до крајот на 2012 година ќе се изработи Студијата за функциите и организацијата на ГШ на АРМ и МО. Во согласност со заклучоците кои ќе произлезат од студијата ќе се воведе нова организациска структура на МО.

## *Проекти за модернизација на Армијата*

**7.** Воената опрема на Армијата мора постепено да се модернизира во текот на претстојната декада и потоа. Притоа, максимално ќе се користат регионалните и мултинационалните иницијативи за развој на заеднички распоредливи способности во духот на Концептот на НАТО за „паметна одбрана“. Во согласност со Долгорочниот план за развој на одбраната 2011-2020 ќе ги оствариме следните главни проекти за модернизација и опремување на АРМ:

- Развој на интегрирани капацитети и способности за  воздушно набљудување и јавување.
- Набавка на тридомензионален радар/и.

– Центар за обука на пилоти.
– Логистичко-информациски систем.
– Опрема и инфраструктура за обука.
– Модернизација на хеликоптерите.
– Опрема за индивидуална и колективна атомско-биолошка и хемиска заштита.
– Комуникациска опрема.
– Неборбени моторни возила.
– Оклопни транспортери на тркала за два средни пешадиски баталјони во согласност со Кодот на НАТО за капацитети и способности;
– Тактички комуникациски систем за еден среден пешадиски баталјон.
– Напредни индивидуални борбени системи.
– Системи за противвоздушна одбрана на мали височини (до 3000 м).

**8.** Патролирањето во националниот воздушен простор претставува голем предизвик за Република Македонија, кој ќе се решава во тесна соработка со НАТО. Во тој дух, заедно со НАТО, се разгледуваат сите можни опции (билатерални и мултилатерални) за обезбедување на авијациски капацитети и способности за патролирање во воздушниот простор. Првиот наш чекор во таа насока е подобрување на воздухопловната инфраструктура за прифаќање и базирање на капацитети и способности за патролирање во воздушниот простор.



## Унапредување на процесите

**9.** Со цел да се подобрат внатрешните работни процедури, се воведуваат нови информативни алатки и технологии, заедно со придружни поефикасни деловни процеси и практики. Со нив ќе се обезбеди вертикална и хоризонтална комуникација, координација и проток на информациите низ АРМ и МО, како и меѓу нив. Овие алатки и процеси вклучуваат:

– информатички систем за менаџирање со персоналот;
– логистички информациски систем (ЛИС);
– глобален комуникациско-информациски систем;
– систем за менаџирање на документи;
– систем за планирање, програмирање, буџетирање и извршување;
– компјутерски базирана обука;
– развој на стратегии и планови.

**10.** Министерството за одбрана ќе донесе Стратегија за дивестирање на вишок опрема и несуштинска инфраструктура, која потоа ќе се предаде на други државни институции и локални самоуправи. Со оваа Стратегија ќе се воведат подобрени деловни практики, ќе се зголеми ефикасноста на процесите и ќе се постигне транспарентност. Планирано е дивестирањето да се автоматизира како дел од ЛИС.

**11.** Концептот на НАТО за „паметна одбрана" претставува подобар начин на развивање на капацитети преку здружувањето на ресурсите. Со стратегијата за „паметна одбрана" Република Македонија ќе обезбеди метод за подобрување на безбедноста, а во исто време ќе ги намали трошоците. Република Македонија е ангажирана во повеќе тековни и идни планирани активности за здружување и споделување на капацитетите, поставување на приоритетите и координирање на напорите со партнерите и сојузниците, како што се:

– Заеднички тим на Јадранската група земји во Школата за воена полиција во Кабул;
– Балкански регионален пристап за противвоздушна одбрана;
– Регионален центар за обука Криволак;
– Регионален центар за обука со несмртоносно оружје;
– Регионални медицински наменски сили.

## Менаџирање со човечки ресурси

**12.** Армијата на Република Македонија и Министерството за одбрана ќе продолжат со привлекување на квалитетен персонал и задржување на најквалитетниот кадар во своите организации. Оперативните способности и капацитети на АРМ и МО и понатаму ќе бидат поддржани од добро образован, професионален, способен и мотивиран воен и цивилен персонал.

**13.** Напорите за менаџирање со човечките ресурси, исто така ќе се фокусираат на:

– ажурирање и спроведување на Стратегијата за човечки ресурси;
– спроведување на програмите за еднакви можности и правична и соодветна етничка застапеност;



– развивање на Програма за професионален развој на лидери/менаџери;
– континуитет во спроведувањето на Програмата за транзиција на воен и цивилен персонал „ЛЕПЕЗА“;
– донесување на Концепт за психолошка поддршка на военият и на цивилниот персонал при упатување во мировни мисии и операции;
– поддршка на семејствата на персоналот кој е распореден во меѓународни мисии и операции.

## *Образование и обука*

**14.** Воената академија „Генерал Михајло Апостолски“ во иднина ќе го унапредува образовниот процес и професионалниот развој на офицерите преку:
– воведување на нови современи образовни методи и технологии, вклучувајќи примена на симулации и користење на информатички технологии;
– интензивирање на научно-истражувачката работа;
– акредитирање на најмалку една студиска програма на III циклус на студии;
– воведување и унапредување на студиските програми за школување на пилоти;

- интензивирање на меѓународната соработка во областа на военото образование;
- заедничка соработка со другите високообразовни институции во државата;

**15.** Кандидатите за највисоките воени и цивилни должности во Армијата и Министерството за одбрана ќе се испраќаат на соодветно стратегиско образование во штабните и националните одбранбени колеџи и универзитети во земјите-членки на НАТО. Едукацијата ќе овозможи подобро разбирање на процесите за стратегиско планирање, на одбранбените институции, на цивилната контрола над војската и на прашањата за Алијансата.

**16.** Континуирано ќе се инвестира во унапредувањето на индивидуалната и на колективната обука на командите и единиците, во обуката на декларираните единици и во обуката на активната резерва. Истовремено со процесот на трансформација на командите и на единиците на Армијата, обуката ќе се приспособува според барањата на современата воена опрема и научените лекции од учеството во меѓународните операции. Исто така, во што поголема мера ќе се користат можностите за обука во меѓународните и регионалните вежби, како и вежбите на билатерална основа.

**17.** Командата за обука ќе ја модернизира опремата и инфраструктурата во сите гарнизони и постојни центри за обука и ќе воспостави Центар за изработка на доктрини, правила, упатства и научени лекции.

**18.** Во период од 2011 – 2018 година, Центарот за обука на пилоти ќе се развива како јавно приватно партнерство помеѓу Министерството за одбрана и компанијата „Elbit Systems" од Израел. Во 2012 година на Воената академија започна школувањето на кандидати за пилоти. Обуката ќе се врши според современи програми и методи, при што ќе се користат и симулатори. Покрај обуката на пилоти, за потребите на АРМ ќе се врши и обука на пилоти за други државни институции. Откако Центарот ќе постигне целосна оперативна готовност, истиот ќе прерасне во Регионален центар и ќе се отвори за обука на пилоти и на други држави.

**19.** Во процесот на изучување на странски јазици за припадниците на АРМ и МО ќе се даде приоритет на клучниот персонал и на персоналот кој се упатува во меѓународни мисии и операции. До 2014 година активното користење на англискиот јазик ќе се вклучи како неопходен услов за унапредување во високите офицерски чинови.

**20.** Инфраструктурата во одбраната ќе се подобри преку модернизација и реконструкција на постојните капацитети и изградба на нови.

**21.** За остварување на оваа визија за развој на одбраната неопходен е политички консензус во државата. Министерството за одбрана ќе обезбеди целосна транспарентност на одбранбената политика, вклучително и за спроведувањето на одбранбените реформи. Реформите се процес кој единствено можеме да го спроведеме самите, со максимално искористување на домашните стручни капацитети, силна јавна поддршка и интерресорска координација и соработка.

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **ASDE** | размена на податоци за состојбата во воздушниот простор |
| **А-5** | земји на Јадранската група |
| **АРМ** | Армија на Република Македонија |
| **АЛТЕА** | операција на Европската унија во Босна и Херцеговина |
| **АБХ** | атомско-биолошко-хемиска заштита |
| **БДП** | бруто домашен производ |
| **BRAAD** | Регионален балкански пристап за противвоздушна одбрана |
| **вВИНГ** | воздухопловен ВИНГ |
| **ГШ на АРМ** | Генералштаб на Армијата на Република Македонија |
| **ДПРО** | Долгорочен план за развој на одбраната |
| **ЕУ** | Европска унија |
| **ЕУ БГ** | Борбена група на Европската унија |
| **ЗОК** | Здружена оперативна команда |
| **ИЕН** | импровизирани експлозивни направи |
| **ИСАФ** | Меѓународни сили за безбедносна помош на Авганистан |
| **ЈИЕ** | Југоисточна Европа |
| **Ј 1-9** | управи во рамките на Генералштабот |
| **К-4** | комуникации, контрола, команда и компјутери |
| **КЛП** | Команда за логистичка поддршка |
| **КзО** | Команда за обука |
| **КОД** | Команда за обука и доктрини |
| **КФОР** | операција на НАТО во Косово |
| **ЛЕПЕЗА** | Програма за враќање во цивилен живот |
| **ЛИС** | логистичко-информациски систем |
| **МВР** | Министерство за внатрешни работи |
| **МНР** | Министерство за надворешни работи |
| **МО** | Министерство за одбрана |
| **НАТО** | Северноатлантска договорна организација |
| **NATINADS** | Интегриран систем за противвоздушна одбрана на НАТО |
| **ОБСЕ** | Организација за безбедносна соработка во Европа |
| **ООН** | Организација на Обединетите нации |
| **ПФВ** | професионални војници |
| **пСО** | Полк за специјални операции |

| | |
|---|---|
| **ПзМ** | Партнерство за мир |
| **РМ** | Република Македонија |
| **РТЦК** | Регионален тренинг центар за комуникации |
| **RACVIAC** | Центар за безбедносна соработка |
| **САД** | Соединетите Американски Држави |
| **CFE** | Конвенционални вооружени сили на Европа |
| **СЕДМ** | Формат за одбранбена соработка на министрите од Југоисточна Европа |
| **SEEC** | South Eastern Europe Clearinghouse |
| **СППБИ** | систем за планирање, програмирање, буџетирање и извршување |
| **СПБГ** | средна пешадиска баталјонска група |
| **СЧР** | Сектор за човекови ресурси |
| **SHAPE** | Сојузничка команда за операции |
| **УБК** | Управа за безбедност и контраразузнавање |
| **УНИФИЛ** | мисија на ООН во Либан |
| **ЦУК** | Центар за управување со кризи |

## БИБЛИОГРАФИЈА


1. Устав на Република Македонија, (Сл. весник на РМ бр.52/91 и амандмани 91/01, 84/03, 31/08, 3/09).
2. Закон за одбрана на Република Македонија, (Сл. весник на РМ бр. 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 051/110 и 151/11).
3. Закон за служба во АРМ, (Сл. весник на РМ бр. 36/2010, 23/11, 47/11, 148/11 и 55/12).
4. Закон за организација и работа на органите на државната управа, (Сл. весник на РМ бр. 58/2000, 44/02, 82/08 и 167/10).
5. Закон за Владата на Република Македонија, (Сл. весник на РМ бр.59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/206, 115/2007, 19/08 и 82/08).
6. Закон за управување со кризи, (Сл.весник на РМ бр.29/05 и 36/11).
7. Закон за класифицирани информации, (Сл. весник на РМ бр. 9/04, 113/07, 145/10 и 80/12).
8. Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, (Сл. весник на РМ бр.13/2006, 86/08 и 6/10).
9. Закон за државни службеници (Сл. весник на РМ, бр. 59/00, 112/00, 34/01, 103/01, 43/02, 98/02, 17/03, 40/03, 85/03, 17/04, 69/04,81/05, 108/05, 61/06, 114/09 и 76/10).
10. Закон за внатрешни работи на Република Македонија. (Сл. весник на РМ бр.92/09, 35/10,36/11 и 158/11).
11. Закон за заштита и спасување, (Сл.весник на РМ бр.36/2004, 49/04, бр.86/06, 124/10 и 18/11).
12. Закон за агенција за разузнавање, (Сл. весник на РМ бр.19/1995).
13. Уредба за административна безбедност на класифицирани информации.
14. Уредба за описот на звањата на државните службеници (Сл. весник на РМ бр. 106/2007).
15. Одлука за методологијата за спроведување на подготовките за одбрана, (Сл. весник на РМ бр. 83/2003).
16. Национална концепција за безбедност и одбрана на Република Македонија, Скопје, 2003.
17. Стратегиски одбранбен преглед-политичка рамка, Министерство за одбрана, 2004.

18. Стратегија за национална безбедност, Министерство за надворешни работи 2008.
19. Стратегија за одбрана, (Сл. весник на РМ бр30/10).
20. Стратегија за образование и обука во областа на одбраната, Министерство за одбрана, 2006.
21. Стратегија за управување со човечки ресурси, Министерство за одбрана, 2004.
22. Стратегија за привлекување на квалитетен персонал, Министерство за одбрана, 2007.
23. Стратегија за стратегиски комуникации, Министерство за одбрана, 2012.
24. Стратегија за одбранбена дипломатија, Министерство за одбрана, 2012.
25. Стратегија за безбедност на Европската унија, 2003.
26. Стратегиски концепт на НАТО, Лисабон 2010.
27. Оперативен концепт на АРМ, Министерство за одбрана, 2007.
28. Правилник за планирање, програмирање, буџетирање и извршување, Министерство за одбрана, 2006.
29. Упатство за планирање, програмирање, буџетирање и извршување, Министерство за одбрана, 2006.
30. Годишна национална програма за членство на Република Македонија во НАТО, 2011/12.
31. Програма за подготовка за враќање на воениот персонал на РМ во цивилен живот (ЛЕПЕЗА), Министерство за одбрана, 2007.
32. Програма за соодветна и правична етничка застапеност, Министерство за одбрана, 2012.

20 ГОДИНИ АРМ

АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ISBN 978-9989-2851-3-4

www.morm.gov.mk

facebook www.facebook.com/modrmacedonia

YouTube www.youtube.com/modrmacedonia